СРЕДНО ЕКОНОМСКО И ПРАВНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

# Васил Антевски - Дрен

Средно училиште : СЕПУГС “ Васил Антевски-Дрен” – Скопје

Јавна установа за средно стручно воспитание и образование

Седиште и локација: ул”Вера Јоциќ” бр.4, општина Кисела Вода-Скопје

Основано од : Собрание на град Скопје

Одлука број: Судска регистрација-СРЕГ.бр.130/06 од 07.04.2006

Верифицирано со : УП1  13-2829 од 10.06.2020 година верификација за наставни планови и програми за економски техничар од економско-правна и трговска струка.

Верифицирано со : УП1  13-2828 од 10.06.2020 година верификација за наставни планови и програми за правен техничар од економско-правна и трговска струка.

**САМОЕВАЛУАЦИЈА НА**

**СРЕДНО ЕКОНОМСКО ПРАВНО  УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ**

# “ВАСИЛ АНТЕВСКИ ДРЕН”

**2022 година**

# РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО

## НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

**Скопје, 2022 год.**

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | **Реализација на наставните планови и програми** | **1.1.1. Применувани наставни планови и програми**<br><br>**1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови**<br><br>**1.1.3 Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br><br>**1.1.4 Избор на наставни предмети**<br><br>**1.1.5 Реализација на проширени програми** |
| 1.2 | **Квалитет на наставните планови и програми** | **1.2.1.Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br><br>**1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br><br>**1.2.3 Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br><br>**1.2.4 Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** |
| 1.3 | **Воннаставни активности** | **1.3.1.Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br><br>**1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br><br>**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br><br>**1.3.4 Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности** |

## Подрачје: Наставни планови и програми

| **1.1.Реализација на наставните планови и програми** | | |
|---|---|---|
| 1.1.1. | Применување на наставните планови и програми | Во учебните 2020/21 година и 2021/22 година, во училиштето се реализираат наставни планови и програми во согласност со донесените програмски документи од страна на Министерството за образование и наука, за образовните профили/ квалификации Економски техничар и Правен техничар. Реализацијата на истите се спроведува во законски пропишани временски рамки, со оглед на условите за работа во прогласена пандемија , а во согласност со мерките за заштита на јавното здравје.<br><br>Согласно Решението за нови наставни планови за економско-правната и трговска струка, сектор економија , право и трговија од 11.12.2018 година и Решението за измени и дополнување од 11.06.2019 година, од учебната 2019/20 година, во училиштето се реализираат модуларно дизајнирани наставни планови , за образовните профили Економски техниичар и Правен техничар.<br><br>Согласно Решението на МОН од 22.12.2021 за донесување Наставен план за образoвен профил/квалификација Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг , во Конкурсот за упис на ученици во средно стручно образование, во нашето училиште се формираат две паралелки од овој профил, почнувајќи од учебната 2022/23 година.<br><br>Врз основа на педагошката евиденција и документација и Извештајот за работа на училиштето, може да се констатира дека наставните планови се реализираат во целост, додека наставните програми се реализираат во согласност со насоките на МОН и ЦСОО и тоа, за учебната 2020/21 со скратена и прилагодена програма согласно Методичко-дидактичките насоки за имплементација на наставните програми во стручното образование во услови на пандемија, од 14.09. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2020 год.,започнувајќи ја учебната година на 1.10.2020 со број на наставни денови 159/145 , а согласно измените на Календарот за организација на учебната 2020/21 година во јавните средни училишта објавени во Службен весник бр. 209 од 27.08.2020 год..<br><br>Во учебната 2021/22 година, наставните планови се целосно реализирани, а наставните програми се прилагодени согласно одлуката на Владата од 18.01. 2022 година и тоа за 158/172 наставни денови како резултат на продолжување на зимскиот распуст на учениците, како мерка во борба со пандемијата и одлука на Влада од 10.05. 2022 за бројот на наставни денови и тоа 146/160 , а заради штрајкот на просветните работници организиран од страна на СОНК.<br><br>Во учебната 2020/21 година наставата се реализира целосно on-line, преку Националната платформа за учење на далечина и Microsoft teams платформата, како и користење на многу други алатки и платформи препорачани и во согласност на насоките од БРО и ЦСОО.<br><br>При реализација на наставните програми, се практикува интегративен пристап т.е. соработка на наставници од различни предмети , со цел да се креира широка слика на познавање на струката и мрежа на информации и стекнати знаења и вештини кај учениците. Интегрираноста посебно се истакнува при изработка на наставните програми за феријална практика кај двата профили, програма која се изработува според Упатството за реализација на феријална практика издадено од ЦСОО, од страна на наставниците од двата стручни активи и која обезбедува реализација на корелативни содржини од стручните предмети.<br><br>Во овој контекст треба да се истакне успешното реализирање на часовите од делот на Практично образование од Наставниот план ( Учење преку работа и Феријална практика) и тоа преку соработка со бизнис секторот, комори и институции , почитувајќи ги и применувајќи ги сите насоки од Упатството. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во врска со реализацијата на Практичното образование, за сите ученици во прва година се реализира Програма за основна обука за – Безбедност и здравје при работа, од страна на наставниците кои предаваат стручни предмети. |
| 1.1.2. | Информирање на родителите и учениците за наставните планови и програми | Училиштето, според воспоствената практика и процедури, ги информира членовите на Советот на родители, родителите и учениците за наставните планови и програми, содржините и начинот на реализација. На почетокот на секоја учебна година, на првите родителски состаноци и класни часови со учениците, се доставуваат информации за предметите кои ќе се изучуваат во текот на учебната година, родителите и учениците се запознаваат со постојните релевантни училишни документи како: куќен ред, кодекси на однесување, педагошки мерки и новини во однос на тековни активности или задолженија во претстојниот период. Учениците се запознаваат и со целите на наставата во текот на самите часови по одделните предмети кои ги изучуваат во училиштето, од страна на предметните наставници. Родителите можат да добијат детални информации за целите на наставните планови за кој било предмет во психолошко – педагошката служба која има целосен увид во планирањето. |
| 1.1.3. | Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби | Училиштето ги прилагодува и ги реализира наставните програми по сите предмети според можностите и способностите на децата со посебни образовни потреби. Координацијата на сите активности ја спроведува инклузивен тим, кој се одбира за секоја учебна година, а го сочинуваат директорот,вработените во психолошко-педагошката |

| | | |
|---|---|---|
| | | служба, по еден претставник од секој актив, класните раководители на паралелките каде што има ученици со посебни потреби и родител-претставник на родителите на деца со посебни потреби. Инклузивниот тим работи според однапред изработена Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br><br>За учениците со посебни потреби се изработуваат посебни индивидуални образовни планови-ИОП според постојните наставни програми и се прилагодуваат соодветно на нивните потреби. Наставниот кадар работи диференцијално со тие ученици по одредени предмети со прилагодени содржини во соработка со стручните служби на училиштето. Во училиштето посетуваат настава ученици со посебни образовни потреби и тоа во 2020/2021 се запишани -3 ученици во 2021/2022- 2 ученици и 2022/2023- 2 ученици . Училиштето располага со стручен соработник специјален едукатор-дефектолог кој дава насоки за работа со децата со посебни образовни потреби и соработува со наставниците во изработка и реализација на среднорочните и долгорочните индивидуалните образовни планови. За предметните професори се реализира обука за работа со ученици со посебни образовни потреби на која се дадени насоки за работа со деца со посебни образовни потреби детектирање и разрешување на проблеми. Согласно програмата изработена од инклузивниот тим наставниците ги поставуваат и прилагодуваат образовните цели и очекуваните резултати од учење при изготвување на индивидуални |

| | | |
|---|---|---|
| | | образовни програми за овие деца. Дефектологот реализира индивидулни обуки за потребите на наставниот кадар на тема: Образование за сите, Поддршка на инклузивното образование на децата со потешкотии во развојот преку улогата и значењето на наставникот во образовниот процес |
| 1.1.4. | Избор на наставни предмети | . Во согласност со Наставните планови- модуларно дизајнирани и Наставните планови до 2018 год. учениците имаат можност и обврска да изберат предмети во 3 и 4 година со кои ќе стекнат поспецифични знаења од струката. Постапката за избор на предмети се применува со доследно почитување на интересот и барањата на учениците.<br><br>До 2019 /20 година, според Наставните планови, учениците бираа 2 предмети од понудени 6 , кои како изборни ке ги изучуваат во трета и четврта година.<br><br>Учениците кои се запишани во прва година во учебната 2019/2020 година, по завршување на втора година имаат можност да одберат еден од шесте понудени изборни модули . За учениците запишани во прва година во учебната 2020/21 година, како можност за избор се воведува уште еден, седми изборен модул – Пазар на капитал, применлив од учебната 2022/23 година, со Решение на Министерството за образование и наука ( архивски број 08-643/3 од 27.01.2022).<br><br>Секој од понудените модули содржи два предмети, еден што се изучува во 3та и еден во 4та година. Модулите им овозможуваат на учениците да ги продлабочат и усовршат знаењата и вештините од поконкретни области од економијата и правото.<br><br>Исто така, согласно Концепцијата за модернизација на техничкото образование донесена со решение на Министерот за образование и наука број 24-730/1 од 02.12.2016 година, во структурата на наставните планови за техничкото образование, покрај општото образование, стручното образование , практичното образование и обука , застапено |

| | | |
|---|---|---|
| | | е и подрачјето Содржини програмирани од училиштето. Неговата функција е да ги задоволи пошироките потреби на учениците кои што можат да изберат да изучуваат и други содржини надвор од содржините планирани во задолжителните и изборни програми. Реализацијата на истите се спроведува во согласност со Упатството за реализација на содржини програмирани од училиштето издадена од МОН и ЦСОО. За истото, ученикот добива оценка за степенот на совладаност на содржините, но таа оценка не влегува во неговиот среден успех. |
| 1.1.5 | Реализација на проширени програми | Во училиштето, формално, не се изготвуваат посебни, проширени програми за работа со талентирани ученици. Сепак, слободно и одговорно може да се тврди дека на талентираните ученици им се посветува посебно внимание, преку различни форми на активности. Талентираните ученици се детектираат од страна на наставниците, првенствено преку реализацијата на редовните и изборните наставни програми. Со напредните и надарени ученици индивидуално работи секој наставник одделно за усвојување на поголем квантум на знаење. Работата со надарени и талентирани ученици се одвива преку редовната настава, додатната настава, слободните ученички активности,преку консултативната настава и со вклучување на овие ученици во семинари, трибини, саеми, натпревари, училишни секции и други предвидени активности.<br>Реализација на проширени индивидуално изработени програми се среќават во вонnаставните активности кои се спроведуваат во училиштето како што се ораторскиот клуб, финансиската секција,шаховска секција, музичка група и се изработени програми за работа за други активности кои се спроведуваат од страна на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставниците во определни активности. Исто така се одржува и додатна настава за надарени ученици кои сакаат да стекнат поголем квантум на знаења во различни области од предвидените наставни содржини. Од учебната 2021/2022 и 2022/2023 се реализираат часови за содржини програмрани од училиштето и тоа за прва година “Светско наследство во рацете на младите“,за втора година “Планирање на кариера – учење на работно место“, и за трета година “Ученички компании-претприемачка практика на млади“. Од учебната 2022/2023 започна и со реализација на наставната програма “Вокално-инструментални состави“. Преку реализација на овие содржини учениците дополнително ги усвршуваат своите компетенции за вклучување на пазарот на трудот, за креирање на својата развојна кариера и проширување на знаењата согласно нивните таленти,афинитети и вештини. |

| | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | | Наставни планови и програми донесени од МОН, Годишна програма за работа на училиштето, Статут на училиштето , Планирањата на наставниците – годишни, тематски ( планирање на модуларни единици) и планирања на наставен час, Педагошка евиденција и документација, Записници од Училишен одбор,стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми, Насоки за планирање на воспитно образовната работа на наставниците по стручни предмети во стручните училишта,Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби, Протокол за постапување на средните училишта во РСМ за реализација на воспитно-образовниот процес во учебна 2020/21 година, Методичко-дидактичките насоки за имплементација на наставните програми во стручното образование во учебната 2020/21 година во услови на пандемија,Програма за феријална практика, интернет страница на училиштето, Извештај од спроведена on line анкета со наставници, родители и ученици,Обука за изработка на индивидуални образовни програми,Програма за работа на ученичка заедница, Записници од претходни инспекциски надзори, Записници од Совет на родители и стручни органи на училиштето, Годишен извештај за работа на училиштето(учество на професорите на обуки и семинари, менторска работа). ЕКО планирања во настава,планирања за дополнителна и додатна настава. |

| 1.2. Квалитет на наставните планови и програми | | |
|---|---|---|
| 1.2.1. | Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала | Во училиштето се почитуваат родовата и етничката рамноправност, мултикултурната сензитивност и интеркултурализмот.<br>Училиштето преку менаџментот планира активности кои се во насока на унапредување на меѓуетничката интеграција и меѓуетничка кохезија, како и родова и етничка рамноправност.<br>Училиштето има изработено Програма за мултиетничка интеграција во образованието (деловоден број 01-1225/10 од 31.08.2021). и во таа насока на 18.10.2020 година склучен е меморандум за партнерство со СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“. Со ова училиште во учебната 2020/2021 година реализирани се две работилници на следните теми:<br>1. Разлики и сличности меѓу етникумите (Велигден и Бајрам) на 26.05.2021<br>2. Јазиците (сличности и разлики) на 02.06.2021<br>Во учебната година 2021/2022 не се реализирани активности во рамки на овој проект поради ковид пандемијата.<br>Содржини со МИО се реализираат континуирано низ целата наставна година во рамките на класните часови:<br>1. Взаемна искреност, почитување и рамноправност на половите, како суштински услови за љубов;<br>2. Предрасуди и погрешни информации од областа на хуманизацијата на односите меѓу половите<br>3. Етнички предрасуди-поим и начин на надминување<br>4. Рамноправност меѓу мажите и жените-реалност или тенденција<br>5. Младината во нашата земја споредена со младината во другите земји<br>6. Етнички предрасуди-сожителство со толеранција и почитување на разликите |

| | | |
|---|---|---|
| | | 7. Негување на културата на мирот-сожителство со толеранција и почитување на разликите<br>Во учебните 2020/2021 и 2021/2022 година во рамките на проектот „Зборувам на јазикот на мојот другар" поддржан од Град Скопје успешно беа спроведени и реализирани курсеви за изучување на албански јазик и турски јазик на кои учествуваа ученици од сите наставни години и неколкумина наставници.<br>Теми од родова и етничка рамноправност, меѓуетничката интеграција и мултикултурна сензитивност преку различни активности (дебати, дискусии) се реализираат и во рамките на одделни наставни предмети, посебно по предметите Граѓанско образование и Социологија. Исто така, во училиштето е дел од проектот **КУЛТУРА,КРЕАТИВНОСТ,ИНКЛУЗИЈА,** поддржан од Еразмус+ програмата<br><br>Наставните планови и програми подеднакво се реализираат кај машките и женските ученици и учениците од различно етничко потекло.<br>Во училиштето се планираат и реализираат разновидни воннаставни активности во коишто рамноправно, во зависност од афинитетите се вклучени ученици од обата пола и од различно етничко потекло. Вонаставните активности ги одразуваат потребите и интересите на учениците, а се во функција на нивниот образовен, личен и социјален развој. Преку учество на манифестации, соработка на проекти, предавања, натпревари, работилници и акции, членување во секции, учениците ги развиваат личните, меѓучовечките и мултикултурните компетенции.<br>Врз основа на родова застапеност се избира класна заедница и училишната заедница.<br>Училиштето во поглед на сите тие компоненти има подеднаков третман кон учениците на обата пола и кон учениците од различно етничко потекло. |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2.2. | Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала | Карактеристиките и потребите на локалната средина се целосно имплементирани при концепирање на стандардите на занимања и квалификации, како и при изработката на наставните планови и програми. Целокупната реформа при изработката на модуларно дизајнираните наставни планови се однесува на имплементација на проектот за развој на вештини и поддршка на иновации за Развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование, поддржан од Светска банка.<br><br>Развојната компонента на новиот концепт целосно произлегува од современите трендови во општествениот- економскиот живот. Содржините се креирани со рамноправно учество на сите фактори од локалната средина- бизнис сектор, јавни институции и служби, невладин сектор, високо образовни институции и органите и телата на МОН. При изработката на сите програмски документи , нашето училиште даде особен придонес преку ангажирање на голем дел од наставниот кадар.<br><br>Консеквентно, при реализација на новиот концепт, училиштето има директна и плодна соработка со сите стејкхолдери- родителите, локалната заедница, бизнис секторот, ЦСОО, БРО и МОН. Како и што предвидува овој концепт,а во рамките на истиот, активностите и содржините се прилагодуваат и ажурираат според динамичноста на секојдневието.<br><br>При реализација на наставните програми , на високо ниво се согледува интегрираноста со потребите на локалната средина. Тоа се прави ( како што е и предвидено со препораките за активности за реализација на наставните содржини во наставните програми) преку посета на лица од праксата на часовите од редовна настава или посета на учениците во деловни и општествени правни субјекти ( компании и организации). Посебно, оваа интегрираност се остварува при реализација на часовите за Учење преку работа и Феријалната практика. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Исто така, при реализација на Содржините програмирани од училиштето учениците се вклучуваат во активности кои ги организира локалната заедница и/или соработуваат со социјални партнери со цел дополнително да ги развиваат клучните и стручни компетенции за подобро да се вклучат на пазарот на трудот и подобро да ја планираат сопствената кариера.<br><br>За учениците кои  завршија прва година во учебната 2019/20, врз основа на склучен Меморандум за соработка со АД Комерцијална Банка- Скопје , се организираше реализација на феријална практика во тек на месец Ноември 2020 година и тоа online преку платформата CISCO WEBEX и одговорни наставници од училиштето и одговорно лице- ментор од Банката.<br><br>За реализација на часовите од Учење преку работа и Феријална практика во 2020/21 година и 2021/22 година, училиштето има потпишано Меморандум за соработка со повеќе субјекти :<br><br>- Веропулос ДООЕЛ – Скопје<br>- ДПТУ Рептил  ДООЕЛ - Скопје<br>- Кроација Осигурување<br>- Порше - Македонија<br>- Еко Степ ДОО<br>- Штедилница Можности<br>- Јуренопел- Скопје<br>- МЦЦ Бенефит ДООЕЛ, Скопје<br>- Хонестус ДОО Скопје<br>- Проксумус – Скопје<br>- Kemet Electronics Corporation<br>- Интер Екселанс ДООЕЛ Скопје<br>- ИВ Илинден ДООЕЛ Скопје<br>- Верифика ЦМТ ДООЕЛ Скопје<br>- Сметководствено Биро Инфоцелина Скопје<br>- СБИ Бошевски ДООЕЛ Скопје<br>- Мега Мак Економик ДОО Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Бомар Консалтинг ДООЕЛ Скопје<br>- БИС Инженеринг ДОО Скопје<br>- Конто Плус ДООЕЛ Скопје<br>- ЕВН Македонија<br>- Оли Шпед ДООЕЛ Скопје<br>- ЈМБ ДОО Скопје<br>- Афродита С - Скопје<br>- Општина Кисела Вода<br>- Општина Гази Баба<br>- Општина Аеродром<br>- Општина Илинден<br>- Основен Граѓански суд<br>- Основен Кривичен суд<br>- Државна комисија за спречување корупција<br>- Агенција за катастар на недвижности<br>- Министерство за правда<br>- адвокатски канцеларии<br>- сметководствени бироа<br><br>Исто така, со цел подигнување на нивото на знаења на учениците, се остварува континуирана соработка со Народната Банка на РМ, Македонската Берза на хартии од вредност, Собранието на РСМ, Владата на РСМ, Управата за јавни приходи, Казнено поправниот дом – Идризово, Царинска управа на РСМ, Централен регистер на РСМ, Основен Суд Скопје 2 и други приватни и јавни претпријатија и институции.<br><br>Што се однесува до наставните помагала, исто така се посветува внимание на обезбедување целосна поддршка за реализација на наставата преку примена на информатичко-комуникациска технологија. Во текот на 2020 и 2021 година обезбедени се :<br><br>- 61 компјутер<br>- 2 лаптопа<br>- 1 сервер за ИТ мрежа ТВ еден |

| | | |
|---|---|---|
| | | - 1 ласерски фотокопир<br>- 1 рутер и firewall<br>- 4 менаџирани свичови<br>- 3 менаџирани POIE свичови<br>- 18 wifi пристапни точки<br><br>Комерцијална Банка обезбеди донација на 40 компјутери за деца од социјално загрозени семејства , а приватен донатор подари 5 таблети.<br><br>Овие наставни помагала ја обезбедуваат и олеснуваат реализацијата на наставата во согласност со модерните текови.<br><br>За развој на вештините на наставниците за примена на ИКТ во наставата, организирани се неколку обуки за примена на дигитални вештини, алатки и платформи :<br><br>- Техничка обука за Microsoft Teams, OneDrive како и насоки за оддржување настава онлајн и насоки за задржување внимание онлајн со цел усовршување на користењето на платформата Microsoft Teams во периодот од 15.11. – 19.11.2021 реализирана од страна на Семос Едукација<br><br>- “ Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење” – МОН и БРО<br><br>- ,,Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на учење и поучување " -01.12.2021 Скопје, организирано од училиштето<br><br>- ,,Градење тимови и тимска работа / Подобрување на дигиталните вештини во наставата преку учење на нови ИКТ алатки -Miro, организирано од училиштето - Gather town и e-Twinning платформата / Личен план за професионален развој на наставниците и стручните работници "-19.12.2021 Велес |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2.3. | Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието | Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што ќе се реализираат. Наставниците ги почитуваат тие насоки.<br>Сите наставници вршат интегрирано планирање во своите планирања за редовна настава со содржини од проектот: „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем".<br>Развивање на самодовербата, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права и јакнење на свеста на учениците за припадност на РСМ како мултикултурно општество се остварува во меѓусебна соработка, посета на часови, укажување на добрите страни, при реализација на класните часови, слободните активности кои ги избираат самите ученици, преку најразлични секции спрема афинитетите на учениците.<br>Во планот и програмата за работа на класните часови планирани се содржини од областа на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, содржини од МИО, екологија и други теми.<br>Во учебната 2020/2021 во училиштето се реализирани активности од областа на општествено корисна работа и тоа собирни акции, акции на солидарност и заштита на животната средина. |
| 1.2.4 | Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми | Училиштето соработува со институциите кои се надлежни за унапредување на наставните планови и програми. Преку стручните активи и наставничкиот совет училиштетото прибира мислења, разгледува и дискутира по одделните наставни планови и програми. Треба да се истакне дека значителен број на наставници по стручни предмети учествувале во изработка на наставните планови и програми директно со Бирото за развој на образование и Центарот за стручно образование и обука.<br>Училиштето покренува иницијативи до ЦСОО, БРО и МОН за ревидирање и дополнување на наставните планови и програми. Во соработка со училиштето во наставниот план за профил економски |

| | | |
|---|---|---|
| | | техничар и наставниот план за правен техничар се извршени измени и дополнување на постојните наставни планови и се воведе нов изборен модул „Пазар на капитал“. Овој модул опфаќа два наставни предмети: Основи на пазарот на капиталот (изборен) со 2 часа неделен фонд односно 72 годишен фонд во трета година и Работење со финансиски инструменти на пазарот на капиталот (изборен) со 2 часа неделен фонд односно 66 годишен фонд во четврта година.<br>Врз основа на потребите на локалната заедница и бизнис секторот (пазарот на трудот) училиштето покренува иницијативи за воведување на нови образовни профили. По иницијатива на училиштето, а која беше беше поддржана од страна на советникот на ЦСОО, БРО, МОН, секторската комисија за квалификации, Стопанската Комора, како и бизнис заедницата воведен е нов профил Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг. Наставниот план за образовен профил/квалификација Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг се применува од учебната 2022/2023 година.<br>Предметните наставници ги информираат учениците на почетокот на учебната година за содржината и целите на наставната програма, како и за текот на нивното реализирање.<br>Информирањето на родителите се спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите (родителските средби), преку веб страната на училиштето , а исто така се посочува и веб страната на БРО - https://www.bro.gov.mk/ и ЦСОО- https://csoo.edu.mk/.<br>Родителите и учениците немаат можност да влијааат врз донесување, измена и дополнување на наставните планови и програми.<br>Исто така, наставниците активно учествуваат во збогатувањето на содржините кои се реализираат во училиштето преку изготвување на наставни програми од областа – Содржини програмирани од училиштето , а одобрени од ЦСОО и тоа |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Практична примена на Е- трговија – ( 08- 1547/1 од 30.08.2021 година)<br>- Вокално- инструментални состави – ( 08- 1126/6 од 05.09.2022година)<br>- Англиски јазик за правници и нивно оспособување за пазарот на трудот- ( 08-1619/1 од 27.10.2022 година)<br>- Англиски јазик за економисти ( за трета година)- ( 08-1618/1 од 27.10.2022 година)<br>- Англиски јазик за економисти (за четврта година) – ( 08-1617/1 од 27.10.2022 година) |
| Извори на податоци | | Наставни планови и програми донесени од МОН, Годишна програма за работа на училиштето, Годишен глобален план, Тематски планирања на наставниците,Статут на училиштето,Дневна подготовка на наставниците, Педагошка евиденција и документација, Записници од Училишен одбор, инернет фејсбук страница на училиштето, Анкета со наставници, родители и ученици, Извештај од спроведена online анкета,Програма за работа на ученичка заедница,Информативен семинар за измена на наставниот план и програми спореведен од Центарот за стручно образование и обука,Записници од претходни инспекциски надзори,Обука на наставници на тема Реализација на модуларните наставни програми базирани на компетенции проект на Министерството за образование и наука на Р. Северна Македонија,Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми, Методичко-дидактичките насоки за имплементација на наставните програми во |

| | | |
|---|---|---|
| | | стручното образование во учебната 2020/21 година во услови на пандемија, Записници од Совет на родители и стручни органи на училиштето, Годишен извештај за работа на училиштето(учество на професорите на обуки и семинари,менторска работа), Потпишани Договори и меморандуми за соработка со правни лица. |

| **1.3. Воннаставни активности** | | |
|---|---|---|
| 1.3.1 | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности | По претходно изградени критериуми учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и поттик од наставниците.<br>Во текот на учебната 2020/21 година, заради пандемијата на КОВИД 19, организацијата и учеството во воннаставни активности е минимална. Во главно се сведува на учество во натпреварите организирани од МАССУМ и тоа во категории:<br>- јавно говорење<br>- фотографија<br>- маркетинг план<br>- интервју за работа на македонски јазик<br>Ученици од училиштето учествуваа и во натпревар по Географија и натпревар по ораторство<br>Во соработка со ЦРВЕН КРСТ во учебната 2020/2021 година, спроведени се две крводарителски акции на 21.10.2020 и 06.05.2021 година. Крв даруваа вкупно 47 ученика од 3та и 4та година и 5 вработени од училиштето.<br>Во учебната 2020/2021 година се реализираа следните активности во областа на општествено корисна работа - Собирни акции, преку собирање на секундарни суровини, како пластика, хартија, електричен отпад - Акции на солидарност- акции во елементарни незгоди , помош на болен другар, ученик, крводарителство, собирање хуманитарна помош, хуманитарни акции за обезбедување електронски помоагала за следање на онлајн наставта - |

| | | |
|---|---|---|
| | | Заштита на животната средина- уредување на ентериерот на училиштето, уредување на училишниот двор, уредување на месната заедница на која припаѓа училиштето, уредување, пошумување и сл. на просторот во градот, изработка и учество на проекти за зачувување на животната средина, еко акција со ученици во Градскиот парк Скопје.<br><br>Во текот на учебната 2021/22 година се зголемува обемот и учеството во воннаставни активности, сите со почитување на владините мерки за заштита на јавното здравје. Учениците, заедно со наставниот кадар учествуваа во воннаставните активности и тоа:<br><br>НАТПРЕВАРИ И ОЛИМПИЈАДИ<br><br>- ИМАМ СТАВ!, натпревар на средни училишта во соработка со Парламентарниот Институт на Собрание на Република Северна Македонија – освоено **прво место;**<br>- "Дигитална етика", проект кој го реализира ОХО со поддршка од Град Скопје – освоена **првата награда** на учениците од нашето училиште **Тим 1**( Јане Бачев, Марио Стевков, Петар Николовски), за видеото " НЛО над Скопје" на тема лажни вести;<br>- Национален натпревар "Европски квиз на пари" во организација на Македонска банкарска асоцијација, Народна банка и Комисија за хартии од вредност – освоено **второ место**;<br>- Национален натпревар во дигитална писменост организиран од Цертиадриа во соработка со Град Скопје<br>- **МАССУМ**<br>- **Прво место во категорија Најдобар бенд** професор Кристијан Стојановски со учениците Горјан Стевковски, Борјан Кочоски, Кирил Крстевски, Нестор Баштовански;<br>- **Второ место во категорија Најдобар маркетинг план** професорите Билјана Ниновска и Лилјана Стојковска со учениците: Стефанија Димовска, Моника Наумовска, Евгенија Трајковска, и Теодора Стојановска; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - **Второ место во категорија Најдобар штанд:** професор Драгана Ѓореска со учениците: Тамара Павлеска, Горан Секуловски, Деа Денковска, Јелена Спириќ;<br>- Етичка дилема во бизнис, организирано од Џуниор Ачивмент – победник Давид Арсовски;<br>- Учество на средношколски игри 2021год. на кои нашето училиште зема учество во сите дисциплини, а ги освои следниве награди: Горан Јосеф – **прво место**, дисциплина пикадо со ментор Дијана Стојановска и Јана Димитровска – **второ место**, дисциплина технички вештини со ментор Теодора Паскалова Вучкова;<br>- Учество на средношколски игри 2022год. финален натпревар( ракомет жени), освоено **второ место**, ментор Даниела Тофилоска Поповска;<br>- Конкурс од Британска амбасада за креативни младински есеи во нашата земја на тема **“Како младите можат да се вклучат во борбата против климатските промени и да ја спаса**т **планетата**” – освоено **прво место;**<br>- Меѓународниот ден на децата кои се борат со канцер – здружението САНО организираше литературен и ликовен конкурс на тема “Јас сум пријател на децата во болница”- освоено **второ место**, ученик Ана Трпевска;<br>- Литературен конкурс распишан од Меѓународниот Славјански Универзитет, ученичката Ана Трпевска освои **трето место;**<br>- Литературен конкурс за есеј на тема од македонската историја и археологија – ученикот Филип Тодоровски освои **трето место** на ниво на РСМакедонија;<br>- Општински натпревар по географија:Марија Стојановска 1-3 клас **прво место**, Александар Петрушевски 1-2 клас **второ место,** Андреј Стојков 1-5 клас **трето место**;<br>- Регионален натпревар по географија : Александар Петрушевски 1-2 клас **прво место,**Марија Стојановска 1-3 клас **второ место,** Андреј Стојков 1-5 клас **трето место**;<br>- Национален натпревар за “Избор на најдобра ученичка компанија” организација на Џуниор Ачивмент – освоено **трето место**;<br>- Регионален натпревар за средни училишта по англиски јазик за прва година – освоено **прво место;** |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Учество на машки ракометен натпревар дел од Средношколската лига на Град Скопје – пласман во четврт финале;<br>- Петта меѓународна економска олимпијада во Измир, период од 26.07 – 1.08.2022г.<br>- Пријателски натпревар 3х3 како дел од Европската недела на спортот, со еден од легендарните наши кошаркари Перо Антиќ во тим со директорот на Агенцијата на Млади и Спорт Наумче Мојсовски заедно со Елена Мицковска професор по спорт и спортски активности.<br><br>Одбележување на Светскиот ден на Првата помош – 11 септември, под мотото "Биди херој во твоето училиште";<br><br>-Посета во резиденцијата на Претседателот на Република Северна Македонија во рамките на проектот "Мерки за зајакнување на женски бизниси по Ковид-19";<br><br>-Организирана посета на Саем на книга 2022г.<br><br>-Организирана посета на Криминалистичкиот Музеј – Центар за обука при МВР- Скопје<br><br>-Организирана посета на филмска проекција во кинотека на Македонија по повод Вечери на женските права во организација на Град Скопје;<br><br>**ОРГАНИЗАЦИЈА И УЧЕСТВО НА НАСТАНИ**<br><br>-Во рамките на Европската недела на мобилност, СЕПУГС"Васил Антевски – Дрен", зема учество на Големото велосипедско дефиле кое се одржа на 22.09.2021г..Дваесет наши ученици заедно со наставникот по спорт Даниел Ниниќ дефилираа по велосипедската рута организирана од Град Скопје и Секторот за заштита на животната средина.<br><br>-СЕПУГС"Васил Антевски-Дрен" на 24.09.2021г. беше гостин на настан по повод одбележување на Европскиот ден на јазиците кој се одржа во СУГС гимназија "Јосип Броз Тито" во Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Одбележување на "Европскиот ден на јазиците" во СЕПУГС "Васил Антевски-Дрен", со професорите по македонски јазик, англиски, француски и германски јазик, како и 30 ученици кои учествуваа во превземените активности.<br><br>-СЕПУГС "Васил Антевски – Дрен" во соработка со Комерцијална банка АД Скопје по повод традиционалното одбележување на Денот на штедењето, 31 октомври, и општествено одговорната мисија на Банката за финансиска инклузивност и едукација на младите организираат конкурс за избор на најдобар есеј.Виктор Ристаноски, Деа Денковска и Ана Трпевска ги напишаа најдобрите есеи.<br><br>-Учество во работилница на FINKI<br><br>-Учество во работилница за електроника – Институт за електроника<br><br>-Учество на ученици во Младински образовен форум за презентација<br><br>-"Making Learning Fun and Ecological" поддржано од ЕКО ЛОГИК<br><br>-Одбележување на ЕРАЗМУС+ денови во соработка со Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност на РСМ<br><br>-Одбележување на Патрониот празник 28.10.2021г.<br><br>-Положување цвеќе по повод празникот на Град Скопје 13 Ноември<br><br>-Претставници од нашето училиште учествуваа на отварањето на Центарот за социјални претпријатија и првиот Национален саем на социјални претпријатија во РСМакедонија<br><br>-Организирање трибина со Францускиот институт од Скопје на тема "Францускиот јазик, средство за успешна кариера"<br><br>-Одбележување на 8 Март – Денот на жената, со посебен акцент на жените економисти и правници<br><br>-Ораторски клуб "Гарда на мудроста" при СЕПУГС "Васил Антевски-Дрен", традиционално ја оддржа дваесетата по ред ораторска вечер под менторство на |

| | | |
|---|---|---|
| | | професор Анета Стефановска и членовите на извршниот одбор на клубот на оратори FORUM ORATORES<br><br>-Одбележување на “Глобалната недела на парите” со серија предавања и работилници<br><br>-Обезбедување квалитет на работата на Координаторите за врски со компаниите, учество на регионална средба<br><br>-Промоција на упатството за Учење преку работа, учество на регионална средба<br><br>-Учество на конференција Дигитализација која се одржа во ЦК “Марко Цепенков” во Прилеп, во организација на Францускaта Амбасада и Францускиот институт<br><br>-Учество на манифестацијата ПРВИОТ СО НАЈДОБРИТЕ, ученик на генерација за учебната 2021/2022 поддржан од Град Скопје<br><br>-Учество во работилница за прирачник по Драмска уметност, во рамките на проектот Нови публики, организирана од БРО<br><br>-Спроведено ПИСА тестирање со ученици од прва година во соработка со Државен испитен центар<br><br>-“Заштита од дискриминација,булинг и говор на омраза” , Институт за човекови права<br><br>-Учество на Матурска парада 2022г. во организација на Град Скопје.<br><br>**НАДВОРЕШНИ ПРЕДАВАЊА ОД СТРУЧНИ ЛИЦА**<br><br>-Maker Faire Битола 2021г, саем на иноватори- онлајн презентација за предмети дизајнирани во 3D, експерименти и проекти<br><br>-Посета на заменик министерката за Надворешни работи госпоѓа Фатмире Исаки, која одржа предавање на тема “Дипломатија и жените во надворешната политика”<br><br>-Предавање од страна на претставници н ХАЛКБАНКА на тема “Поврзаноста на инфлацијата со потрошувачката и платите во момент на посткризен период – зголемена побарувачка и ограничена понуда на производството” |

| | | |
|---|---|---|
| | | -“ФИСКАЛНА ЕДУКАЦИЈА НА МЛАДИТЕ” со претставници од Управа за јавни приходи.Интерактивно едукативно предавање низ кое учениците се запознаваат со даночниот систем на Република Северна Македонија<br><br>Предавање од страна на заменик на Народен Правобранител д-р Јован Андоновски, кој ги промовираше и ги донираше книгите РЕТОРИКА и МАКЕДОНСКОТО ЕНЕРГЕТСКО ПРАВО.<br><br>-Презентација на тема”Учи, истражи, искуси за Еразмус+”, спроведена од страна на Младински Совет Нова Генерација<br><br>-Реализација на серија едукативни предавања во соработка со Агенција за супервизија на осигурувањето на тема **Осигурување**<br><br>-Едукативни предавања во соработка со МВР – Сектор за превенција на тема **Безбедност во сообраќајот**<br><br>-Предавање за дипломатија и меѓународни организации од страна на дипломатот г-дин Илија Псалтиров<br><br>**ОБУКИ И РАБОТИЛНИЦИ**<br><br>-“Унапредување на вештините за справување со насилство во училиште преку интерактивни модели” во соработка со EU4U-Европа за тебе и поддржано од Град Скопје<br><br>-Работилница за “3Д моделирање и 3Д печатење”, во соработка со ФИНКИ и поддржано од Град Скопје<br><br>-Техничка обука за Microsoft Teams, OneDrive како и насоки за одржување настава онлајн и насоки за задржување внимание онлајн со цел усовршување на Microsoft Teams во период од 15.11.-19.11.2021г. реализирана од страна на Семос Едукација<br><br>-“Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење” – МОН и БРО<br><br>-“Современи концепти на средно образование – новата улога на наставникот и новите стратегии на поучување и учење” – 1.12.2021г. Скопје, организирано од училиштето |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Градење на тимови и тимска работа / Подобрување на дигиталните вештини во наставата преку учење на нови ИКТ-Miro, организирано од училиштето<br><br>Gather town и е-Twinning платформата / Личен план за професионален развој на наставниците и стручните соработници 19.12.2021г. Велес, организирано од училиштето<br><br>-На 27 и 28.01.2022г. во организација на Џуниор Ачивмент Македонија во хотел Гарденија, Велес се одржа дводневна обука на тема “Социјално претприемништво” на која учество земаа и претставници од нашето училиште.Темата беше вовед во фундаменталните прашања и терминологија на социјално претприемништво.Учесниците се запознаа со социјален бизнис модел, начини на вклучување на социјално претприемништво во училишните активности и начини на поддршка на училишни социјални претпријатија.<br><br>-Форум театар за “Борба со сајбер булингот во училиштата”, во соработка со РУБИКОН<br><br>-Учество на обука за креирање е-портфолио на Европас онлајн алатките во организација на Националната агенција за Европски образовни програми и мобилност<br><br>-“Основна обука за безбедност и здравје при работа” – Центар за средно стручно образование<br><br>-Семинар, Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија и Memorial de la SHOAH<br><br>**МЕЃУНАРОДНИ И ДРУГИ ПРОЕКТИ**<br><br>-Во периодот од 6-12.09.2021г. нашето училиште, во рамките на проектот **Роботика и кодирање – КА229,** поддржан од програмата Еразмус+ и Национална агенција за европски образовни програми и мобилност,беше домаќин на трите партнер училишта од Турција, Италија и Латвија и одржа обука на тема Мблок за почетници и Почетно кодирање со користење на Мблок. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Во период од 7-12.10.2021год. училиштето беше домаќин на претставници од училишта од Хрватска, Турција, Италија и Полска, во рамките на Еразмус+ проектот **ИНОВАТИВНИ ЕТВИНЕРИ МОЖАТ ПОВЕЌЕ**<br><br>-Во периодот од 4-11.10.2021г. претставници од нашето училиште учествуваа на мобилност организирана во Трикала, Грција во рамките на проектот **КУЛТУРА,КРЕАТИВНОСТ,ИНКЛУЗИЈА,** поддржан од Еразмус+ програмата<br><br>-Учество на проектот “We blend tolerance using web2.0 tools” од 21-27.11.2021год. во Ороклини, Кипар во соработка со Меморијалниот центар Фондација “Никола Кљусев” , партнер во Еразмус+<br><br>-Во периодот од 3-9.10.2021год. во Јановиец, Р.Полска се одржа првата мобилност на проектот од Еразмус+ програмата со име “From STEM to STEAM”.Во проектот имаше учесници од училишта од Македонија,Турциј, Полска и Романија.Нашето училиште беше активен учесник во оваа мобилност каде беа претставени различните компоненти на Arduino сетови, Lego Mindstorms и Virtual reality<br><br>-Домаќини на мобилноста на учениците и наставниците од шест држави, денови на мобилност во кои ученици од различни земји споделуваат искуства за тоа како да се заштитат од лажните вести кои се во пораст откако пандемијата ја забрза дигитализацијата во програмата Еразмус+ во рамките на проектот ИН КОГНИТО ЕРГО СУМ<br><br>-Награда со Европска ознака за квалитет за два меѓународни ЕТВИНИНГ проекти: ЗЛАТНИТЕ ГОДИНИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА и ОД СТИМ ДО СТЕМ<br><br>-Во рамките на проектот Еразмус+”Интеграција на мигрантите во општеството преку иновативни приоди во образовниот процес”, тим претставници од СЕПУГС”Васил Антевски-Дрен”, беа на посета кај партнер училиштето од Полска каде што разменија искуства, знаење, идеи и добри практики кои понатаму може да се искористат во нашиот образовен процес и секојдневниот општествен живот.<br><br>-Учество на мобилноста во рамките на Еразмус+ проектот “Иновативни етвинери можат повеќе”, во Вела Лука, Хрватска, посветен на развивањето на претприемачките вештини и способности кај младите. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Првата мобилност во рамките на проектот **УМЕТНОСТА Е ВО НАУКАТА, НАУКАТА Е ВО УМЕТНОСТА**, поддржан од програмата Еразмус+ и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, во периодот од 21-27.11.2021г. се одржа во Истанбул, Турција.Домаќин беше средното училиште Јахија Кемал од Бакиркој дистрикт. Темата на мобилност беше обновливи, алтернативни извори на енергија, како да ги искористиме природните ресурси со кои располага нашата земја и да придонесеме кон намалување на глобалното загадување на животната средина.<br><br>-Во периодот од 20-25.02.2022г. се одржа мобилност во рамките на проектот "**From STEM to STEAM"** во Каракал, Романија.Темата беше "Дизајнирање сопствен робот".<br><br>-Во период од 6-12.02.2022г. учество на мобилност во Бидгош,Полска, во рамките на проектот Еразмус+<br><br>-Во период од 13-19.03.2022г. учество на мобилност во Малага,Шпанија,во рамките на проектот Еразмус+<br><br>-Во периодот од 10-16.04.2022г., во Рига-Латвија, се одржа четвртата по ред мобилност во рамките на проектот "**Роботика и Кодирање"**, поддржан од Еразмус+ програмата и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.Темата на обуката за наставници беше Мобилни апликации,JABA програмирање и употреба на роботиката во наставата.<br><br>-"Твојата приватност е твојата слобода", во соработка со македонско здружение на млади адвокати,одржани две работилници за учениците и наставниците.<br><br>-**Erasmus Trening Programme on Web 2.0 Tools,** организиран од CEKDEV International education, 1-7.05.2022г., Анталија,Турција<br><br>-Во период од 26.06-2.07.2022год. учество на мобилност во рамките на проектот **Роботика и Кодирање**, поддржан од програмата Еразмус+ ( Италија )<br><br>**КРВОДАРИТЕЛСКИ И ДРУГИ ХУМАНИТАРНИ АКЦИИ**<br><br>-Есенска крводарителска акција, 11.11.2021год.,85 крвни единици-85 донатори на крв<br><br>-Хуманитарна акција "Даруваме од срце" 29.12.2021год. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Пролетна крводарителска акција, 5.05.2022год., 65 крвни единици – 65 донатори на крв<br>-Организирани се повеќе хуманитарни акции за деца од нашето училиште кои се најдоа во тешка материјална ситуација (болест,смрт во семејството, пожар и сл.). |
| | | Од наведените документи постои можност да се направи увид во реализацијата на наставните содржини од аспект на планираните активности и планираните технички средства за реализација на истите и во дневникот за работа.<br><br>Реализацијата на наставните планови и програми е следена од страна на:<br><br>- педагошката служба во училиштето и директорот, преку посета на часови и увид во дневниците за работа на паралелката (е-дневник);<br><br>- редовни посети од претставници на Државниот просветен инспекторат, Центарот за стручно образование и обука и Бирото за развој на образованието (инспектори, советници и други стручни соработници), при што се врши увид во документацијата, се посетуваат часови, се разговара со наставниците.<br><br>Во училиштето постои поддршка на нововработените наставници од страна на оние наставници кои имаат долгогодишно работно искуство и се назначени за ментори од страна на директорот. Менторот својата менторска работа ја врши во период од 12 месеци и за својата работа поднесува извештај. Во тој период менторот му дава поддршка и му помага на новиот наставник кој има статус на наставник-приправник.<br><br>Целите на програмата за работа на менторот со наставникот почетник се во насока на подигнување на нивото на воспитните, стручните, педагошко- психолошките и дидактичките знаења и способности на наставникот-почетник за реализација на сложените задачи на наставата и тоа низ размена на искуства, практични презентации на содржини од наставните програми, со демонстрации на нови средства и модели на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставна работа, конструктивни дискусии и поттикнување на самоусовршување и професионален развој на наставникот-почетник.<br><br>На крајот од менторството, менторот е должен да даде мислење за работата на менторираниот, во кое ќе ги опише сите карактеристики , предности и недостатоци во работата на менторираниот.<br><br>**Извори на податоци:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, план за дополнителна и додатна настава, Програма за работа на ментор со наставник-почетник, дневник за работа на паралелката, е-дневник, записници и извештаи од посета на часови и извршен увид во документацијата. |
| 3.1.2 | Индивидуални планирања на наставниците | Сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања, како и дневни подготовки кои ги содржаат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.<br><br>Согласно со тематскиот план изготвен врз основа на наставната програма, наставниците секојдневно вршат индивидуално планирање на наставниот час преку изготвување на дневни подготовки.<br><br>Планирањата на наставниците содржат јасни насоки и цели, што се очекува од учениците да научат, како и кога.<br><br>Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од |

| | | |
|---|---|---|
| | | оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори и активности во учењето.<br><br>Активностите, вклучувајќи ги и домашните задачи се така планирани за ефективно да се искористи времето и на наставниците и на учениците.<br><br>Наставниците во оценувањето на постигањата на учениците применуваат критериуми и стандарди за оценување приспособени на нивниот наставен предмет.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>**: Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, критериуми за оценување на постигањата на учениците, стандарди за оценување. |
| 3.1.3 | Размена на искуства и информации при планирањето | Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, консултирање со експерти, користење на меѓународни искуства и др.<br><br>За својот професионален развој наставниците добиваат поддршка преку советувања од страна на педагошката служба во училиштето за изготвување на наставните планови и за начинот на реализација на часот.<br><br>Поддршка добиваат и преку советувања од страна на директорот на училиштето, посета на семинари, обуки, соработка со Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Од особена важност е и соработката со факултетите за поефикасно реализирање на наставните предмети за кои нема учебници. За најголем дел од наставните предмети има учебници, чии автори се наставници вработени во училиштето, кои директно се вклучени во наставниот процес, |

| | | |
|---|---|---|
| | | ја познаваат содржината и проблематиката на наставниот предмет и истите се во согласност со наставните програми.<br><br>Постои соработка и размена на искуства помеѓу наставниците во нашето училиште од трите стручни активи: економски, правен и општообразовен.<br><br>Активноста на стручните активи во училиштето претставува едно од продуктивните тела за размена на искуства и вештини за подготовка на наставните планови и програми. Соработката продолжува и според сродноста на предметите што отвора простор за дискусии во кои би се анализирале сите проблеми во однос на содржината и реализацијата на наставните планови и програми, особено за оние кои имаат свој континуитет во следната учебна година.<br><br>Наставните содржини од одделни предмети ја наметнуваат потребата од корелација со други наставни предмети и подрачја. Оттаму, наставниците имаат потреба од размена на материјали, ширење на информации и податоци за соодветните области, имајќи во предвид дека се изведува и практична настава која е непосредно поврзана со соодветни наставни предмети.<br><br>Училиштето има соработка со повеќе факултети (државни и приватни) кои држат промоции и презентации на струките пред нашите ученици од IV-та година, но истовремено и нашите ученици одат во посета на факултетите и подетелно се запознаваат со условите и начинот на студирање. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Како училиште имаме соработка со Бизнис заедницата: Управата за јавни приходи, Народна банка на Република Северна Македонија, Комерцијална банка ад Скопје и Економски факултет кои преку своите предавања им ги опишуваат и презентираат на учениците работните места и работите што ги вршат. Тоа во голема мера придонесува за да може учениците да ја планираат својата професија.<br><br>Правната струка има потпишано меморандум за соработка со Правен факултет, Службен весник на Република Северна Македонија и Царинска управа. Исто така имаме реализирано соработка со Јавното обвинителство каде што учениците се запознаа со работата на институцијата и со новиот законот за кривична постапка. Соработка постои и со Дирекцијата за заштита на лични податоци и Парламентарниот институт на Република Северна Македонија.<br><br>Училиштето склучува меморандум за реализирање на феријална практика со Бизнис заедницата и други релевантни органи која што се одвива по завршување на учебната година.<br><br>Исто така, склучува меморандуми за соработка со Бизнис заедницата и други релевантни органи за реализирање на работа кај работодавец која што се одвива во текот на целата учебна година.<br><br>Сите овие искуства и информаци се значајни како за учениците така и за наставниците при планирање на своите активности во наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **<u>Извори на податоци</u>:** Записници од одржаните состаноци по активи, Извештај за соработка со факултетите, Извештај за соработка со бизнис заедницата, Меморандум за соработка, Меморандуми за феријална практика, Меморандуми за работа кај работодавец. |
| 3.1.4 | Распоред на часови | Распоредот на часови го прави стручно лице во соработка со стручната служба, како и наставниците, почитувајќи го најдобриот интерес за учениците.<br><br>Распоредот на часови во нашето училиште се изготвува согласно со наставниот план и програми за работа соодветни за профилите економски техничар и правен техничар. Притоа се имаат во предвид фондот на часови од секој наставен предмет што се изучува, фондот на часови на секој предметен наставник и определување на класен раководител за секоја паралелка од прва до четврта година. Неговата подготовка е за време на летниот распуст, се истакнува пред почетокот на учебната година, т.е. 01.09., а според распоредот се работи од 01.09. (почетокот на учебната година). Исклучок постоеше за 2020/2021 год. која започна од 01.10. 2020 година и се одвиваше онлајн поради ситуацијата со Ковид-19 пандемијата.<br><br>**<u>Извори на податоци:</u>** Распоред на часови истакнат во наставничка канцеларија, во канцеларијата на директорот и помошник директорот, во електронска форма, во канцеларијата на педагогот и во дневникот за работа. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.2 | | **Наставен процес** |
| 3.2.1 | Наставни форми, методи и избор на задачи, активности и ресурси | Во наставниот процес се користат разновидни форми и методи, вклучувајќи и употреба на ИКТ во наставата, кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br><br>Во реализација на онлајн наставата се користеа и користат дигиталните апликации: Google Classroom, Zoom, Microsoft Teams и Националната платформа за учење на далечина. Но исто така се користат емаил адресите, Messenger, Viber и слично.<br><br>Согласно новите наставни планови и програми се планира и учењето преку феријална практика и работа кај работодавец, но претходно учениците следат 12 часа посветени на безбедност и здравје при работа.<br><br>Наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците индивидуално, во мали групи или со целата паралелка. Наставниците успешно ги развиваат индивидуалните вештини за учење на секој ученик, како и вештините за соработка.<br><br>Задачите што се работат во училиште или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачи и активности е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците, што им помага на учениците да ги постигнат предвидените цели на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на одобрените учебници и дополнителна прирачна литература. На учениците им се овозможува да работат со сопствено темпо.<br><br>Во реализацијата на воспитно - образовната дејност се користат повеќе наставни методи во кои е вклучена методата на пишување, работата во групи, индивидуалната работа, фронтална форма, предавањата, практичните активности, изработка на проекти, power point презентации и давање на индивидуални задолженија на учениците. Се користат интерактивни часови со поставување прашања, дискусии и дебати на одредени теми (по избор на учениците и наставниците), изработка на проекти, пребарување, истражување и црпење податоци од интернет веб страници, тандем работа, работа во групи, играње на улоги, симулација на улоги, бура на идеи, прашалник, работа со текст итн.<br><br>Во наставата при реализација на часовите се користат различни наставни техники како: Техники за читање и пишување- СТОП техника, ЗСУН (Знам, Сакам да знам, Учам, Научив), Скелетен приказ, Петоред; Графички организатори- Грозд, Вен дијаграм, Т-табела; Кооперативно учење- Коцка, Сложувалка, Вртелешка, Групно истражување; Дебатни техники- Мрежа на дискусија (Разгледување на поставеното прашање од две спротивставени страни, запишување на аргументите, бранење на аргументите)<br><br>Во училиштето постои Програма за работа со деца со посебни потреби изработена од психолошко-педагошката служба. Но секој наставник кој предава во клас каде што има ученик-дете со посебни потреби прави Индивидуален образовен |

| | | |
|---|---|---|
| | | план (ИОП) прилагоден на потребите на ученикот и предметот што го предава, а истиот е во согласност со училишната програма за работа деца со посебни образовни потреби.<br><br>Крајна цел на ИОП е оптимално постигнување на ученикот со пречки во развојот и потешкотии во учењето и негово оспособување за квалитетен и самостоен живот во заедницата. За ученикот со посебни образовни потреби кој не е во можност во целост да ги постигнува очекуваните резултати во воспитно-образовниот процес според пропишаните стандарди за него се изработува педагошки профил како основен документ кој претставува патоказ во планирањето на пристапот и работата. Како помош на учениците со посебни образовни потреби работи дефектолог кој им помага во образовните предизвици.<br><br>**<u>Слаба страна во овој дел е:</u>**<br><br>- немањето секогаш објективни услови за одвивање на планираните активности, бидејќи наставниот кадар се соочува со проблемот од недостиг на соодветни ресурси (немање на соодветна ИКТ подршка во секое време и доволна опременост на училниците), а голема бројност на ученици.<br><br>- немањето доволен број празни училници - простории за реализација на активности надвор од редовната настава (дополнителна настава, додатна настава и разни секции) истовремено од поголем број на наставници. Затоа, некои наставници своите |

| | | |
|---|---|---|
| | | активности ги релизираат по завршување на часовите и своето работно време  и во саботите.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители,  програма за деца со посебни потреби, индивидуален образовен план. |
| 3.2.2 | Интеракција меѓу наставниците и учениците и приодот на наставникот кон учениците | Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците (преку пофалби кога е тоа соодветно на постапката). Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера.<br><br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Притоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло и етничката и религиска припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Наставниците користат разни форми на интеракција со учениците на сите видови на часови ( усвојување нови содржини, повторување, вежби и др.). Соработката помеѓу наставникот и учениците продолжува и надвор од наставниот процес преку различен вид на консултации, одржување на додатна настава за учениците кои што сакаат да го прошират своето знаење од определена област, како и дополнителна настава за учениците кои наидуваат на потешкотии при совладувањето на материјалот по одделни наставни предмети. Особено важна е соработката помеѓу класниот раководител, класот и класната заедница, која што се движи во насока на подобрување на успехот, редовноста и поведението во класот, како и дискусиите на теми од секојдневниот живот (семејно насилство, алкохол, дрога, хив-сида, малолетничка деликвенција, прерани бракови и планирање на семејството, најнови достигнувања во медицината, пристојно однесување на јавни места, контрола на вербалната комуникација, граѓански права и обврски, правилно планирање на времето и организација на активностите во текот на денот, активна партиципација во семејните обврски и слично, теми за кои се дискутира на класните часови). Секој наставник внимава на приодот кон учениците, при што целосно е елиминирана половата, етничката и социјалната дискриминација на учениците.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Записници од спроведени разговори со родители и ученици со педагогот и психологот, анкета за наставници, анкета за ученици и анкета за родители |
| 3.2.3 | Следење на наставниот процес | Училиштето има пропишано интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот или стручната служба. Постои пракса на размена |

| | | |
|---|---|---|
| | | на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес.<br><br>За извршување на работата и модернизација на воспитно - образовната дејност на наставниците, оценка се дава од страна на директорот, стручниот соработник и соодветен советник од Бирото за развој на образованието.<br><br>Директорот на училиштето извршува посета и контрола за начинот на организирање и реализирање на наставниот процес. Ваквиот начин на набљудување, како од страна на директорот, така и од педагошко - психолошката служба во училиштето остава простор за помош, поддршка и отворена дискусија за сите проблеми со кои се соочуваат наставниците во процесот на реализацијата на часовите и водењето на педагошката администрација.<br><br>Следењето на наставниот процес и резултатите од истиот се врши континуирано преку одржување на Совет на паралелка и Наставнички совет во текот на учебната година.<br><br>За професионалниот развој и подршка за образовните потреби на наставниците, училиштето прави напори да им овозможи стручно педагошко и дидактичко усовршување преку учество на семинари и обуки организирани од домашни и странски институции. Дел од тие семинари, обуки и работилници се следните: обука на тема „Активни методи на учење и подучување“; „Користење на интерактивни-современи методи и техники во наставата за средно образование“; „Примена на стандардите за оценување на учениците“ работилница: „Наставни техники“; „Подготовка за |

| | | |
|---|---|---|
| | | вработување и работа“; „Образование за животни вештини“, обука за: Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност во средните училишта“, учество во проектот: Училишта без насилство – на тема: „Стилови на раководење во наставата“, учество на советување и обука за „Претприемачкото образование во Република Сверна Македонија„ ; Советувалиште и едукација за превенција од употреба на дроги помеѓу средношколската популација, предавања и обуки за заштита на лични податоци одржани од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци, обука на тема: Училиште на 21 век, Обука за превенција од психоактивни супстанции и бихевиорална зависност, обука за насилство во училиштата и друго.<br><br>**Извори на податоци:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, сертификати од посетените обуки, семинари и работилници, записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот и соодветните советници. |
| 3.2.4 | Користење на ИКТ во наставата | Сите наставници се оспособени за употреба на ИКТ во наставата. Обучувачи од училиштето им одржаа обуки и ги оспособија сите наставници за примена и користење на дигиталната апликација Microsoft Teams и Националната платформа за учење на далечина.<br><br>Наставниците во годишните и тематските планирања планираат користење на ИКТ при реализација на наставните содржини. Примената на ИКТ се планира и со |

| | | |
|---|---|---|
| | | дневна подготовка за онаа наставна единица за која е возможно да се направи такво планирање.<br><br>Во услови на пандемија со КОВИД-19 целокупниот наставен процес во нашето училиште се одвиваше онлајн со користење на дигиталната апликација Microsoft Teams, Националната платформа за учење на далечина како и емаил адресите, Messenger, Viber и слично. Така што имаме секојдневно користење на ИКТ во наставата. За таа цел достапни се е-учебници и е-содржини за поголем дел од наставните предмети што е од голема помош за непречено одвивање на воспитно – образовниот процес. Во 2021/2022 година во училиштето се одвиваше комбиниран метод на настава, т.е. со физичко присуство, како и онлајн за дел од учениците ( од медицински и немедицисннки причини). |

| | | |
|---|---|---|
| 3.2.5 | Интеракција на еколошкото образование | Во училиштето еколошкото образование е интегрирано во годишното планирање на наставниците. Учениците по дадени насоки на наставниците изработуваат ЕКО-проекти на тема: Заштеда на вода, Заштеда на енергија, Уреден и еколошки двор, Одржување на зградата и здрава средина во училиштето, Транспорт и Отпад.<br><br>Исто така учениците се вклучени во ЕКО-активности: еко-секции, еко- патрола во училиштето и училниците и избор на најчиста училница. Други активности се: собирање на стара хартија за рециклирања, правење на различни рачни изработки од хартија, собирање на капачиња, засадување на дрвца и цвеќиња во училишниот двор и друго.<br><br>Еко активностите се одвиваат и надвор од училиштето и училишните простории така што учениците заедно со одговорните наставници прават еко – акции во Градскиот парк и парк-шумата Водно. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3 | | **Искуства на учениците од учењето** |
| 3.3.1 | Средина за учење | Учениците ги доживуваат училниците и другите простории како стимулирачка и мотиварачка средина која поттикнува интерес за учење.<br><br>Учениците се охрабуваат да превземат лична одговорност и самостојно да се вклучат во наставниот процес.<br><br>Трудовите на учениците се изложуваат на видни места, притоа запазувајќи ги и естетските норми. Редовно се менуваат трудовите, во согласност со целите и задачите |

| | | |
|---|---|---|
| | | на наставата, каде што секој ученик има можност да има изложен труд и да ги искаже своите способности.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот и соодветните советници. |
| 3.3.2 | Атмосфера за учење | Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот, интерактивно размислуваат, поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за наученото. Учениците во дебатни разговори, дискусии поврзани со секојдневието полесно ја совладуваат наставната содржина. Училницата и училиштето делуваат како стимулирачка и мотивирачка средина за искажување на способностите и вештините на учениците.<br><br>Училишната средина им дава поддршка на учениците и помош без разлика на нивниот пол, национална припадност, социјално потекло и место на живеење, за полесно адаптирање и усвојување на нови знаења.<br><br>Учениците со внимание ја следат наставата, а за тоа најголема улога имаат предавањата на наставниците и содржините на предметите што ги изучуваат.<br><br>Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Поголем број од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Најголем дел од нставниците не |

| | | |
|---|---|---|
| | | критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Доколку се упатува критика истата се однесува на нивната постапка, но не и на нивната личност.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Анкета за наставници и ученици, записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот и соодветните советници. |
| 3.3.3 | Поттикнување на учениците за превземање на одговорност | За учениците кои покажуваат тешкотии по одредени предмети во процесот на учењето и не постигнуваат задоволителен резултат, се организира дополнителна настава од страна на предметните наставници. Во дополнителната настава наставникот работи во групи, а по потреба и индивудуално, се со цел да ги мотивира и поттикне учениците самостојно и критички да размислуваат.<br><br>Училиштето ги изложува трудовите на учениците по одделни предмети. За тоа говори фактот што тие секогаш се изложуваат на училишната табла, во кабинетите и ходниците на училиштето. Во нивното изготвување и изложување не постои полова и етничка дискриминација а учествуваат ученици кои покажуваат креативност и интерес за тимска работа.<br><br>Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето проблеми и донесувањето одлуки. Учениците превземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата).<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Анкета за наставници, анкета за ученици, записници од спроведени посети на часови од страна на педагогот, директорот и соодветните советници, поставени и залепени трудови на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.3.4 | Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето | Интеракцијата на учениците и возрасните во училиштето се остварува низ организирани и различни форми, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Постои и интерактивна настава за поттикнување и мотивирање на учениците за полесно совладување на наставниот материјал.<br><br>Постои ефективна комуникација и интеракција меѓу наставниците, наставник-родител, наставник-ученик, наставник-ученик-педагошко психолошка служба-родител. Има одлична интеракција и повратна информација од страна на родителите.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>**: Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со родителите и учениците од страна на педагогот, психологот, директорот и соодветните советници. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 | | **Задоволување на потребите на учениците** |
| 3.4.1 | Идентификување на образовните потреби на учениците | Наставниот кадар и стручната служба, систематски ги идентификува образовните потреби на учениците, води ученички досиеја, како и отстранување на пречки во процесот на учење на секој ученик.<br><br>Во основа идентификувањето на образовните потреби на учениците најчесто е по пат на дебати, дискусии, различни квизови, метод на бура на идеи од страна на учениците итн. Резултатите добиени од ваквите согледувања и забелешките на наставниците во однос на наставната програма се доставуваат до Бирото за развој на |

| | | |
|---|---|---|
| | | образованието, со цел да бидат искористени во креирањето на наставните содржини по соодветните предмети за следната учебна година.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со учениците од страна на педагогот, психологот и наставниците. |
| 3.4.2 | Почитување на различните потреби на учениците во наставата | Училиштето им дава поддршка на наставниците за задоволување на образовните потреби на учениците во рамките на нивните можности. Наставниците користат различни техники и методи со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат. И во однос на оценувањето се користат различни техники (тестови, проекти, усно испрашување, активност на час, работа во парови, практични вежби, power point презентации и други методи) со кои се мотивираат учениците за постигнување на својот максимум.<br><br>Наставниците секогаш работат во интерес на учениците. Притоа настојуваат вреднувањата да бидат во согласност со индивидуалните способности за изразување на учениците. Тоа значи дека не се занемарува афинитетот на детето во начинот на изразување на она што го научило, туку се применуваат методи со кои ученикот нема да биде оштетен при вреднувањето. (пр. усно и писмено испрашување, активност на час, истражувачка работа, работа во парови, практични вежби, симулација на улоги, успешност во изработка на проектни задачи и други трудови). |

| | | |
|---|---|---|
| | | **<u>Како слаба страна</u>** е недоволната опременост на кабинетите (училниците), што не одговара на современите индивидуални образовни потреби на учениците, па и на наставниците (потреба од смарт табли и таблети за учениците).<br><br>**<u>Извори на податоци</u>**: Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со ученици од страна на педагогот, психологот и професорите. |
| 3.5 | | **Оценувањето како дел од наставата** |
| 3.5.1 | Училишна политика за оценување | Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се целосно запознати.<br><br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците, дадени во Законот за средно образование од МОН. Училиштето има дефинирана политика на оценување, во која основна цел е да го поддржи учењето и оцени знаењето на секој ученик. Наставниците се придржуваат кон стандардите за оценување дадени од Центарот за стручно образование и обука и правилникот за оценување на училиштето.<br><br>Посебно се води сметка оценката да биде правилно изведена, пред учениците во паралелката и истите да бидат навремено известени за сите свои постигања и погрешни „чекори”.<br><br>Сите ученици навреме се информираат за нивните постигања од страна на предметниот наставник. |

| | | |
|---|---|---|
| | | **<u>Извори на податоци</u>:** Анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, критериуми и стандарди за оценување на постигнувањата на учениците, записници од спроведени разговори со ученици од страна на педагогот, психологот и професорите |
| 3.5.2 | Методи и форми за оценување | Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат своите постигања.<br><br>Најзастапени методи и форми на оценување се тестови, проекти, групно испрашување, писмено испрашување, усно испрашување, фронтална работа, самооценување, решавање на зададени случаи-проблеми, изработка на домашни задачи и др. Исто така, застапени методи и форми на оценување се активност на час, квиз, работа во парови, практични вежби, јавно оценување, прашалници, дебати, креативност, диктат, јазични игри, говорни вежби.<br><br>Во однос на оценувањето на учениците со различни способности, наставниците најмногу се потпираат на сопственото искуство и стандардите за оценување дадени од Центарот за стручно образование и обука, проценката на способноста на ученикот како дел од класот и објективните согледувања.<br><br>Во наставата се користат нови современи методи како на предавање, така и на оценување кои се подобри од класичните методи кои се користеле во минатото. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во рамките на проектот на модернизација на образованието кој го спроведуваше Министерството за образование и наука, наставниците од нашето училиште активно беа вклучени во обуката за оценување, каде се здобија со нови искуства и сознанија за оценувањето.<br><br>За проверка на знаењата се користат и дигиталните апликации: Google forms, Kahoot, Zoom, Microsoft Teams и други.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, критериуми и стандарди за оценување на постигнувањата на учениците, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со ученици и родители од страна на педагогот, психологот и професорите. |
| 3.5.3 | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигања.<br><br>Голем акцент се става на тековните постигања на учениците и на идентификување на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето.<br><br>Наставниците целосно ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На почетокот на учебната година наставниците ги запознаваат учениците со наставната програма и со начинот на испрашување и оформување на оценки.<br><br>Наставниците им даваат редовно информации на учениците за нивното учење и работа и ги охрабруваат за нивниот напредок, стимулирјќи ги за подобри резултати.<br><br>Учениците редовно се информирани за својот напредок и за своите постигнувања за време на класниот час од страна на класните раководители, но и од предметните наставници.<br><br>Од друга страна, учениците се информираат за својот успех и по пат на евидентни листови, свидетелства и дипломи. Наставниците во дискусија јавно ги информираат учениците и го изнесуваат своето мислење за нивниот успех.<br><br>Учениците кои учествуваат на семинари и обуки добиваат сертификати. Спортските екипи за своето учество и постигнувања, исто така се наградени со пофалници, дипломи и пехари.<br><br>Оценувањето е јавно и секој наставник има обврска, согласно правилникот за оценување, јавно да му ја соопшти оценката на ученикот и да ја образложи. **Извори на податоци:** Годишни планови, тематски планови, дневни подготовки, критериуми и стандарди за оценување на постигнувањата на учениците, анкета за наставници, анкета за ученици, анкета за родители, записници од спроведени разговори со ученици и родители од страна на педагогот, психологот и професорите, евидентни листови, издадени свидетелства и дипломи. |

| | | |
|---|---|---|
| 3.6 | | **Известување за напредокот на учениците** |
| 3.6.1 | Известување на родителите за напредокот на учениците | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање на информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценките, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата на учениците. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите, кои се добро организирани и на кои јасно се пренесуваат информациите.<br><br>Родителите добиваат и пишани извештаи со информации и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на детето. Од родителите се бара да дадат своја повратна информација по извештајот, по што се преземаат соодветни активности согласно гледиштата на родителите во однос на постигањата и напредокот на нивните деца.<br><br>Известувањето на родителите за напредокот на нивните деца училиштето го спроведува преку остварени средби и разговори со нив и децата, преку класните раководители, предметните наставници и педагошко- психолошката служба во училиштето. Секој наставник има најмалку еден слободен час во неделата -приемен час (ден) за родителите, како предметен наставник и како класен раководител. Родителите имаат и увид во електронскиот дневник, каде што можат да се информираат за редовноста и успехот на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Доколку се појави проблем во поглед на редовноста или дисциплината на учениците, задолжително се известуваат родителите и тие остваруваат средби со наставниците и педагошко - психолошката служба, при што им се помага на родителите како да му помогнат на своето дете. Исто така, се даваат извештаи за децата со проблематично однесување, а се бара повратна информација од родителот во поглед на тие извештаи. Кога е потребно, се бара подршка и соработка на родителот со соодветна стручна служба од надвор (соодветна здравствена установа, Центар за социјална помош, СОС центар за борба против насилството, Центар за малолетничка деликвенција, МВР и сл.)<br><br>Воспоставена е добра комуникација меѓу педагошко-психолошката служба и родителите. Тоа значи отвореност, транспарентност, отчетност на училиштето кон родителите и учениците.<br><br>Начинот на кој се врши информирањето на родителите се изведува групно, индивидуално и во електронска форма.<br><br>● Групното информирање се спроведува преку:<br><br>- родителски средби кои се одржуваат квартално или по потреба<br><br>● Индивидуалното информирање се спроведува по потреба преку:<br><br>- приемните часови за родители од страна на класен раководител, |

| | | |
|---|---|---|
| | | - приемните часови за родители од страна на предметен наставник,<br><br>- разговор со педагошко - психолошката служба,<br><br>- усно и писмено известување на родителите за ученици кои имаат проблем со поведението, успехот и редовноста во наставата,<br><br>-известување преку емаил адреси на родителите и viber во улови на онлајн настава<br><br>Во училиштето се врши „Советување на родители – родителска школа“ од страна на педагошко-психолошката служба. Советување се врши на родители чии што деца-ученици имаат три или повеќе од три слаби оценки, деца-ученици кои имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци, повеќе од 100 оправдани изостаноци и родители на ученици кои покажуваат недолично однесување во училиштето.<br><br>**<u>Извори на податоци</u>** анкета за наставници, анкета за родители, анкета за ученици, дневник за работа на паралелката, е-дневник, записници од спроведени разговори со ученици и родители од страна на педагогот, психологот и наставниците. |

**Самоевалуација на училиштето:** **СЕПУГС”Васил Антевски-Дрен”-Скопје**

**Подрачје:** **Учење и настава**

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**<br>● Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот, стручната служба и/или лица назначени од стручните органи.<br>● Во училиштето постои Програма за работа на ментор со наставник-почетник<br>● Наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот.<br>● Наставниците имаат изготвено план за дополнителна и додатна настава, која ја реализираат согласно потребите на учениците.<br>● Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ.<br>● Се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи редовна употреба на ИКТ во наставата), кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење.<br>● Во училиштето се реализираат голем број на задачи и активности кои се во склоп со индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>● Целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Се користат различни методи на интеракција на поттикнување доверба со цел градење на доверба меѓу наставниците и учениците. |

- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање, одбегнувајќи полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците.
- Во училиштето постои Програма за работа со деца со посебни потреби и Индивидуален образовен план
- Учениците учат во стимулирачка и мотивирачка средина, поставуваат прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат. Во училиштето, низ организирани форми се поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.
- Наставниот кадар и стручната служба систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и превземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.
- Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, вклучувајќи и критериуми и стандарди за оценување, кои редовно им даваат повратни информации на учениците и родителите за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата.

**Слабости**

- немањето доволен број празни училници - простории за реализација на активности надвор од редовната настава (дополнителна настава, додатна настава, разни секции) истовремено од поголем број на наставници.
- недоволната опременост на кабинетите (училниците- со смарт табли и таблети за секој ученик поединечно) која не одговара на современите индивидуални образовни потреби на учениците, на наставниците и немање соодветна ИКТ поддршка.

# Прилог: Анкета ученици

1. Дали во наставата се користат повеќе различни методи?
162 responses




2. Дали наставниците те мотивираат активно да се вклучиш во редовната настава, самостојно да размислуваш и да превземаш лична одговорност?
162 responses




3. Дали постојат системи и методи на подршка и помош на оние ученици кои се соочуваат со потешкотии на часовите и процесот на учење?
162 responses




4. Дали наставниците се правични кон сите ученици без разлика на полот, националната припадност, социјалната структура и местото на живеење?
162 responses



5. Дали сте задоволни од комуникацијата и односот на наставниците кон учениците?
162 responses




## Прилог: Анкета Родители

1. Дали сте запознаени со наставата која се одвива во училиштето?
309 responses




2. Дали сметате дека постои квалитетна настава?
309 responses



3. Дали училиштето и наставниците ги поттикнува учениците да воведуваат нови идеи и активности и им дава можност за професионален напредок?
309 responses




4. Дали навреме сте запознаени со оценките на вашето дете?
309 responses




5. Дали сметате дека постои ефективна комуникација помеѓу наставник-ученик, наставник-родител и наставник-ученик- педагошко-психолошка служба-родител?
309 responses



## Прилог: Анкета Наставници

1. Дали постојат системи за поддршка на оние наставници кои се соочуваат со потешкотии на часовите и процесот на работа?

51 responses




2. Дали повозрасните наставници го пренесуваат своето искуство на помладите наставници?

51 responses




3. Дали применувате повеќе-различни методи во наставниот процес?

51 responses




4. Дали учениците се мотивирани да учат?

51 responses



5. Дали ги охрабрувате и мотивирате  учениците да превземаат иницијатива и активно да се вклучат во редовната настава?

51 responses



# РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО

# ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Скопје, 2022**

| | | |
|---|---|---|
| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | **4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br><br>**4.1.2 Превенција од насилство**<br><br>**4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br><br>**4.1.4 Квалитет на достапна храна**<br><br>**4.1.5 Поддршка на учениците со посебни потреби**<br><br>**4.1.6 Грижа за ученици од социјално загрозени семејства** |
| **4.2** | **Здравје** | **4.2.1 Хигиена и заштита од болести**<br><br>**4.2.2 Грижа за ученици со здравствени проблеми** |
| **4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | **4.3.1 Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br><br>**4.3.2 Грижа за ученици со емоционални потешкотии** |
| **4.4** | **Следење на напредокот** | **4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br><br>**4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |

**Подрачје: Поддршка на ученици**

| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | |
|---|---|---|
| 4.1.1 | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди | Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците. Но во дел од училниците и кабинетите е потребно санирање на струјните места поради предизвикана материјална штета од страна на учениците. Прозорите во училиштето се веќе променети. Сите потенцијално опасни места во училиштето и во неговата околина што не можат да се избегнат (улица, легнати полицајци, и сл.) се посебно означени и учениците се свесни за нивното присуство. Во училиштето има обучен кадар за давање на прва помош на ученици при несреќни случаи во училиштето. (професорите по Спорт и спортски активности - во прилог се доставени сертификати за завршена обука). |
| 4.1.2 | Превенција од насилство | Училиштето има пишан документ (Куќен ред - Кодексот на однесување на учениците и вработените, поставени на видно место) во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство со особен акцент на облиците на сексуално вознемирување на учениците (меѓу себе и од страна на возрасните). Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизмите за справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Документот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на децата им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите во локалната заедница. Жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство се запознаени со своите права и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Известувањето за менталната злоупотреба потекнува првично од самите ученици од нивната средина до класните раководители и педагошко-психолошката служба. Се остваруваат советодавни разговори. Постојано се работи на подигање на свеста кај учениците и професорите за булингот и превенција од истиот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Заштита и безбедност во училиштето се обезбедува преку дежурни професори за време на одморите помеѓу часовите, користење на електронски картички за вработените за влез и излез од училиштето. (Книга за дежурство се наоѓа кај пом.директор Викторија Постолова и Билјана Панговска).<br><br>За заштита од пожари училиштето има обезбедено противпожарни апарати, план за евакуација, Правилник за ППЗ како и акти и упатства за постапување во случај на елементарни непогоди (се наоѓаат кај Директорот на училиштето). Има истакнато плакати, постери на видни места низ училишната зграда.<br><br>За поголема заштита и безбедност во училиштето има ангажирано лица за обезбедување на училиштето од страна на Град Скопје. |
| 4.1.3 | Заштита од пушење, алкохол и дрога | Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци за што имаме истакнато наредба низ училишната зграда. Тоа подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите, училишниот двор) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се консумира алкохол, а исто така не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Во соработка со локалната заедница (посебно мора да се истакне соработката со МВР) и општината, училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор. |
| 4.1.4 | Квалитет на достапна храна | Во однос на достапна храна, училиштето нема склучено договор за користење на училишното бифе, а во однос на квалитетот на храната, истото нема да склучи договор за работа на училишното бифе без ги задоволи ХАСАП стандардите. Учениците имаат достапно кафе и ужинки од автомат. |
| 4.1.5 | Поддршка на учениците со посебни потреби | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците со посебни потреби за што имаме изготвено посебна програма за работа со деца со посебни потреби. Училиштето е подготвено да соработува со родителите и со други релевантни институции (на пример, невладини организации), во обезбедување грижа за децата со посебни потреби и има развиени механизми за поттикнување на соучениците во пружање помош и водење грижа за овие деца. Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со посебни потреби. Просторот во ходниците и во училниците овозможува нивно движење. |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1.6 | Грижа за ученици од социјално загрозени семејства | Училиштето излегува во пресрет на ученици кои што потекнуваат од социјално загрозени семејства кои што не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици (на пример, недостаток од работен прибор) како и да учествуваат во вон-наставните активности кои бараат вложување на дополнителни средства (на пример, екскурзии и натпревари). Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, центар за социјална работа, хуманитарни организации). Самото училиште организира хуманитарни акции за прибирање на парични средства и материјални средства во форма на донации. Исто така училиштето е вклучено во проектот за Условен паричен трансфер (УПТ) кој од 2010 година е спроведен од страна на Министерството за образование и Министерството за труд и социјална политика, а со кој се опфатени учениците кои што потекнуваат од социјално загрозени семејства. При оценување на социјалните потреби на учениците се работи индивидуално, субјективно и интуитивно. Методот е индивидуален разговор на предметните наставници, класните раководители, училишниот психолог и педагог. (Евиденција за учениците кои што потекнуваат од социјално загрозени семејства се води во психолошко-педагошката служба).<br><br>Извори на податоци:<br><br>Програма за работа на директорот; Програма за работа на стручната служба; Записници (евидентни листови) од индивидуални разговори со ученици и родители; Увид во педагошката евиденција (работа на проекти), увид во просторните капацитети и увид на час; Упатства на училиштето за формите и методите што ги користи; Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето; Евиденција и известувања од училиштето за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми; Досие на ученикот; Годишна програма за работа на училиштето. |
| **4.2** | **Здравје** | |
| 4.2.1 | Хигиена и заштита од болести | Тоалетите за наставниците и за учениците се релативно чисти. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот училишен простор се чисти најмалку еднаш во денот, мебелот еднаш во неделата, а прозорците, вратите и другиот инвентар по еднаш во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци. Во училиштето има корпи за отпадоци. Во случај на појава на заразна болест, |

| | | |
|---|---|---|
| | | училиштето усвојува договорна процедура за заштита од нејзино ширење. Постои недостаток на хигиеничарски персонал во училиштето, поточно во училиште со 1471 ученици и 109 вработени, работи хигиеничарски персонал од 9 члена, од кои 1 член работи во спортската сала, а останатите 8 се распоредени во две смени.<br><br>Училиштето ја спроведува Еко програмата во склоп на интеграцијата на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем. Во склоп на еко програмата се изработува еко кодекс на училиштето, како и програма за работа на училишните еко секции. Во училиштето има еко патроли кои водат евиденција за хигиената во истото. Координатор на програмата во училиштето е Александра Дамеска, наставник по математика. |
| 4.2.2 | Грижа за ученици со здравствени проблеми | Во училиштето постои соработка меѓу класните раководители, професорите, родителите и стручната служба со цел грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, здравствени установи, центар за социјална работа). Здравјето на учениците се следи, а пак здравствените проблеми, доколку ги има, најчесто се откриваат на редовните годишни систематски прегледи (документите од санитарни и систематски прегледи се наоѓаат кај секретарката на училиштето Адела Малиминова), а по потреба за посериозните здравствени проблеми учениците се упатуваат во соодветни здравствени установи. За учениците кај кои се идентификувани здравствени проблеми се информираат предметните наставници од страна на класниот раководител со цел толеранција и укажување помош при совладување на наставните содржини, а при тоа се вклучуваат соученици од истиот клас за поддршка и помош.<br><br>Училиштето ги открива учениците со физички и ментални здравствени проблеми, како и оние со посебни образовни потреби и постконфликтни трауми преку континуирано следење-набљудување на учениците од страна на класните раководители, предметните наставници, како и педагошко-психолошката служба. Во врска со известувањето најнапред се известуваат родителите, класните совети, а доколку се појави потреба и здравствени установи. Практиката покажува дека со машките и женските ученици кај кои се идентификувани постконфликтни трауми |

| | | |
|---|---|---|
| | | работи стручен тим психолог-педагог преку разговори, давање совети, предлози за можни решенија за надминување на трауматските состојби и нивно натамошно следење, а по потреба и упатување во соодветни институции (Центар за правна помош при НВО-ЕСЕ, ЗМЗ, Центар за социјална работа и др.). Меѓутоа, се чувствува неопходност и потреба за дополнително обучување на наставниот кадар за работа со ученици кои имаат посебни образовни потреби.<br><br>Извори на податоци:<br><br>Годишна програма за работа на училиштето; Куќен ред; Правилник за организација и систематизација на работата и работните места; Записници од органи на училиштето; Записници од надлежни органи за контрола на хигеиената и здравјето на децата; Увид во педагошка евиденција и документација; Увид во училишниот простор. |
| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | | |
| 4.3.1 | Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување | Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали на образовните институции (флаери, трибини, посети на училишта, високообразовни институции, судови, банки и др.) за професионална ориентација на учениците. Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование, доусовршување или вработување по завршување на основно и средно образование опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр., самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработка на кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа и кодекс за однесување на работно место, информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето од страна на стручните служби. Училиштето им нуди на учениците можности за добро организирана практична работа. Од училишната 2019/2020 година, училиштето работи по новата модуларна училишна програма и со тоа, за учениците има предвидено задолжителна феријална практика. Се обрнува големо внимание за информирање и насочување на учениците за продолжување на нивното образование и професионално ориентирање, и се вршат обуки за оспособување на учениците и нивно вклучување на пазарот на трудот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Има постојана соработка со агенцијата за вработување и редовно спроведува тестирања за професионална ориентација на учениците по барање на надворешни субјекти и им помага во професионално насочување.(кај педагогот) Еднаш годишно, факултетите од Р. С. Македонија земаат учество на отворениот ден на кој учениците од IV (четврта) година ги добиваат сите потребни информации за нивното понатамошно образование. |
| 4.3.2 | Грижа за ученици со емоционални потешкотии | Училиштето навремено открива и се грижи за ученици со емоционални проблеми, без оглед на изворот (на пр, семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми). Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и/или родителите во вакви ситуации или да ги упати до релевантни институции. Училиштето има редовна соработка со релевантните институции, како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, ЗМЗ, полиција и др. Мора да се нагласи дека советодавното работење со учениците е застапено, но поради големиот број на ученици е отежнато.<br><br>Извори на податоци:<br><br>Записници од работилници; Записници од родителски средби; Анкетирање и интервјуа со учениците и родителите; Информации изготвени од стручната служба и пласирани преку расположливи медиуми на училиштето; Програма за професионална ориентација на учениците; Флаери; Предавања; Записници од индивидуални разговори со родители и ученици |
| **4.4 Следење на напредокот** | | |
| 4.4.1 | Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците | Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој. Во евиденцијата посебно се акцентирани добрите страни на ученикот/ученичката и неговите/нејзините развојни потенцијали. Во евиденцијата се внесени и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на ученикот/ученичката. Евиденцијата се користи за консултативни разговори со ученици за подобрување на успехот и за прилагодување на наставните содржини со цел за полесно совладување на материјалот и подобрување на успехот на учениците. По однос на следењето на напредокот на учениците подеднакво се води грижа и педагошка евиденција и документација за сите машки и женски ученици, што пак резултира со |

| | | |
|---|---|---|
| | | подобрување на успехот, редовноста и поведението. Училиштето има постигнато значајни резултати на градски и државни натпревари од различни области. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните/предметните наставници и родителите за постигањата на учениците. Меѓутоа, недоволна е грижата и поддршката на учениците со посебни интелектуални потреби и способности како надарени и талентирани ученици.<br><br>Кога ученикот преминува во друго училиште се издава преведница и се забележува во ученичката книшка за престанок на школувањето во училиштето и се одјавува од електронскиот дневник на училиштето. Исти податоци се добиваат и кога ученикот доаѓа од друго училиште. |
| 4.4.2 | Анализа на напредокот на учениците по паралелки | Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, за родителите и за самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |

**Самоевалуација на училиштето:      СЕПУГС ”Васил Антевски-Дрен” - Скопје**

**Подрачје: Поддршка на ученици**

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| - Училишниот простор е релативно безбеден за изведување на настава.<br>- Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците како и на вработените кој строго се почитува.<br>- Училиштето излегува во пресрет на ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.<br>- Училиштето е вклучено во Европската програма за развој ERASMUS+ уште од 2016 година и од тогаш бележи континуиран напредок во учеството во проекти од ERASMUS+ програмата. Дополнително, училиштето е вклучено и во програмата на RYCO – Regional Youth Corporation Office за проекти за мир и соработка помеѓу земјите од Западен Балкан. Со овие проекти, училиштето има интензивирана соработка со други земји, при што учениците и наставниот кадар имаат се́ поголемо искуство во размената на добри воспитно-образовни практики.<br>- Педагошко психолошка служба се грижи и го третира психофизичкото здравје на учениците. Во тимот е вклучен и училишен дефектолог.<br>- За поголема заштита и безбедност во училиштето има ангажирано лица за обезбедување од страна на Град Скопје.<br>- Учениците се оспособени за полесно вклучување на пазарот на трудот преку стекнување на професионални знаења, лидерски и комуникациски вештини, говорнички способности, работа во тим, подготовка за настап и претставување, интервју за работа, изготвување на маркетинг план, WEB страни, видео – реклами, мотивационо писмо, менаџирање и слично,<br>- Од училишната 2019/2020 година, училиштето работи по новата модуларна училишна програма и со тоа, за учениците има предвидено задолжителна феријална практика. |
| **Слабости** |
| - Постои потреба за дополнително обучување на наставниот кадар за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br>- Постои недоволна грижа и поддршка за ученици со посебни интелектуални способности како надарени и талентирани ученици.<br>- Во училиштето има неискористен простор – стакленик, кабинет и бифе, кои се во план да се пренаменат.<br>- Хигиената во училиштето е застапена делумно што доведува до заклучокот дека постои потреба од дополнителен број на вработени хиигиеничари за да се надмине овој проблем. |

**Идни активности и приоритети**

Приоритетни оддели во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето:

Обука на наставниците за поуспешно работење во областа на водење грижа за психофизичкото здравје на учениците преку проекти, работилници, семинари и други активности.

Ќе се изработат бројни работилници (за булинг, ненасилство, трговија со луѓе, социјална инклузија, за изработка на CV, мотивационо писмо и многу други).

Организирање на отворени денови за претставување на училиштето на идни ученици.

Обезбедување на средства за едукација на учениците преку организирање на клубови, трибини, дебати и други активности со вклучување на стручни тимови и експерти од најразлични области.

Обезбедување на компјутери и други потребни средства за водење и спроведување на евиденција за систематско следење на психофизичкиот развој и сеопшт напредок на учениците преку заживување на електронско ученичко досие.

Училиштето продолжува со меѓународните проекти и во иднина.

## Прилог: Анкета ученици

1. Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоени начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоуп...е безбедно во училиштето / училишниот двор.

162 responses




2. Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливос...услуги на учениците или со социјални центри.

162 responses




3. Училиштето плански го поттикнува развојот на личните и социјалните вештини на учениците при што се поттикнува самодове...верувањето во сопственото знаење и вештини.

162 responses




4. Стручните соработници (педагог и психолог) даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и нивните родители п...отреба се консултираат и надворешни служби.

162 responses



5. Училиштето ги информира учениците за можните облици на образование и можности за вработување и ги усмерува кон идната професи...ува со локалната управа и со други училишта.
162 responses




## Прилог: Анкета родители

1. Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоени начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоуп... е безбедно во училиштето / училишниот двор.
309 responses




2. Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливос...услуги на учениците или со социјални центри.
309 responses



3. Училиштето плански го поттикнува развојот на личните и социјалните вештини на учениците при што се поттикнува самодоверба...ерувањето во сопственото знаење и вештини.
309 responses




4. Стручните соработници (педагог и психолог) даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и нивните родители ...потреба се консултираат и надворешни служби
309 responses




5. Училиштето ги информира учениците за можните облици на образование и можности за вработување и ги усмерува кон идната професи...ува со локалната управа и со други училишта
309 responses



# Прилог: Анкета наставници

1. Училиштето работи во согласност со законските одредби и усвоени начела за заштита на учениците од насилство, злоставување и злоуп...те безбедно во училиштето / училишниот двор
51 responses




2. Учениците кои се среќаваат со лични проблеми во училиштето добиваат поддршка, при што се води сметка за приватноста, доверливос... услуги на учениците или со социјални центри
51 responses




3. Училиштето плански го поттикнува развојот на личните и социјалните вештини на учениците при што се поттикнува самодоверба...ерувањето во сопственото знаење и вештини.
51 responses




4. Стручните соработници (педагог и психолог) даваат квалитетна поддршка на наставниците, учениците и нивните родители ...потреба се консултираат и надворешни служби
51 responses



5. Училиштето ги информира учениците за можните облици на образование и можности за вработување и ги усмерува кон идната професи...ува со локалната управа и со други училишта

51 responses



# ***<u>УЧИЛИШНА КЛИМА</u>***

**Скопје, 2022**

| | | |
|---|---|---|
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | • **Углед на училиштето**<br>• **Кодекс на однесување**<br>• **Училишна клима**<br>• **Поведение и дисциплина во училиштето**<br>• **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**<br>• **Посветеност на наставникот кон училиштето и училишната работа**<br>• **Комуникација (внатрешна и надворешна, меѓу наставници, наставници со ученици, со родители, со раководни органи, со надворешни соработници)** |
| **5.2** | **Промовирање на постигањата** | • **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>• **Промовирање на личните и професионални достигнувања на наставниците**<br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
| **5.3** | **Еднаквост и правичност** | • **Познавање на правата на децата**<br>• **Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>• **Прифаќање и промовирање на мултикултуралзмот** |
| **5.4** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>• **Соработка со локалната заедница**<br>• **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |

**<u>Подрачје – УЧИЛИШНА КЛИМА</u>**

| **5.1. Училишна клима и односи во училиштето** | | |
|---|---|---|
| 5.1.1 | Училишна клима и односи во училиштето | СЕПУГС Васил Антевски – Дрен е препознатлив по високиот квалитет на работа, како и остварување на својата визија и мисија. Ангажираност на раководните органи и тела и вработените со својата работа и однесување резултираат со афирмација на училиштето. Училиштето се грижи за безбедноста на сите учесници во воспитно - образовниот процес и ја поддржува и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Училиштето овозможува поттик на сознајниот и емоционалниот развој на учениците. Училиштето континуирано гради атмосфера за развој на демократски вредности од страна на сите структури во училиштето. Создава динамична, работна и творечка атмосфера која ги поттикнува учениците за нивен понатамошен напредок. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Позитивната училишна клима како предуслов за успешна работа е состојба која се гради и е обврска кон која треба да стремат сите чинители на воспитно образовниот процес од најниско до највисоко ниво. Сето ова е во насока и функција на успешно исполнување на секојдневните работните обврски со цел одржување и градење на пријатна творечка атмосфера во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| 5.1.2. | Кодекс на однесување | Во училиштето има Кодекс на однесување и облекување за наставници и ученици, со кои се поставени правила и начини на однесување во училиштето и и нивно почитување за време на реализација на наставата. Училиштето има пишани процедури (кои се визуелно достапни) кои се применуваат во пракса. Сето ова ја поттикнува етиката на добро однесување на сите структури во училиштето при реализација на воспитно образовниот процес за време на часовите и надвор од нив. Во училиштето постои взаемно почитување на наставниците и учениците, со ставање акцент на кодексот на однесување и облекување, како и поттикнување на односите на меѓусебно почитување и толеранција. Исто така постои однос на доверба и почитување кон учениците со посебни образовни способности и потреби. Во училиштето постои деловна култура на однесување од страна на сите учесници во воспитно-образовниот процес, како и поттикнување на слободата на изразување и критичко размислување кај учениците и вработените.<br><br>Од 10.03.2020 година до 01.09.2021 година во нашето училиште поради пандемија од Ковид 19 постоеше кодекс за online учење, кој го почитуваа сите учесници во воспитно - образовниот процес.<br><br>Со почетокот на учебната 2021-2022 година, наставата во текот на целата година се одвиваше со физичко присуство на учениците и наставниот кадар, освен за оние ученици кои по претходни барања и доставување на медицинска документација им беше одобрено да следат настава на далечина согласно Законот за средно образование и Протоколот за следење настава на далечина |

| | | |
|---|---|---|
| | | одобрен од Министерството за образование и наука. Училиштето во целост ги задоволи барањата и потребите за заштита на сите учесници во воспито образовниот процес и овозможи непречено одвивање на наставниот процес согласно мерките и препораките на Министерството за образование и наука, Министерство за здравство, Центар за јавно здравје и Влада на Република Северна Македонија. Наставниот кадар покажа високо ниво на професионалност за сите проблеми и предизвици од последиците предизвикани од пандемијата со Ковид 19.<br><br>Наставниот кадар успешно/одлично одговори на сите тековни насоки и препораки од Министерството за образование и наука, во однос на прилагодување на наставните програми и содржини со цел навремена и целосна реализација на наставната програма предвидена за тековната учебна година.<br><br>Училиштето ги даде сите напори наставната програма за феријална практика и учење преку работа, да се реазлира согласно програмата за феријална пракса и почитување на препораките за време на пандемија од Ковид 19. |
| 5.1.3. | Училишна клима | Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот со тенденција на подобрување на истата преку team building обуки и преку редовни состаноци на колегијалните тела во училиштето. Во нашето училиште односот меѓу наставниците се заснова на професионално почитување. Раководниот и наставниот кадар играат важна улога во одржување на добра атмосфера во училиштето преку градење на добри меѓучовечки односи. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Секако влијание на училишната клима има и подобрувањето на условите за работа преку уредување на работниот простор, опременоста на наставните кабинети особено за време на online наставата, како и секојдневната грижа за чистотата и хигиената во училиштето. Сето ова им овозможува наставниците да се чуствуваат добро на работното место а учениците да се чуствуваат пријатно да го прифатат училиштето не само како место за учење, туку и како место за другарување, учење на социјални вештини и подготовка за сите предизвици на иднината.<br><br>Согласно новата модуларна наставна програма и потребите и последиците кои произлегоа од истата, се согледа потребата од подобрување и продлабочување на соработката на сите структури организациски поставени, од најниско до највисоко ниво, со акцент на соработката во рамките на активите во однос на новите модули за кои нема наставни помагала, како и феријалната практика и учење преку работа кај работодавач. Сето ова за општа добробит за сите чинители вклучени во воспитно образовниот процес.<br><br>Во нашето училиште постојат паралелки во кои учат ученици од различно етничко потекло, но меѓусебниот однос на сите ученици се заснова на меѓусебно почитување и разбирање. Во училиште преку проектите на *New life, new hope, Unifying power of art, Robotics and coding , Mix the cultures across the Balkan, We are different we are Europe all together “We blend tolerance using web2.0 tools”, “Култура, креативност, инклузија”, "Интеграција на мигрантите во општеството преку иновативни приоди во образовниот процес", “Твојата приватност е твојата слобода”, се* разработуваат теми за поттикнување, |

| | | |
|---|---|---|
| | | разбирање на мултикултурализмот, промоција на сопствениот јазик и јазиците на други земји, учење за другите култури и религии, кршење на стереотипите преку истражување и самоедукација за другата култура, зголемување на толеранцијата меѓу различните ентитети, инклузија на лица со посебни образовни потреби, почитување на сопствената и приватноста на другиот. |
| 5.1.4. | Поведение и дисциплина во училиштето | Дисциплината на учениците и нивното поведение се основен предуслов за успех во учењето, реализација на наставата и воопшто за целокупниот училишен живот и клима. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Чуството на безбедност е засилено со служба за обезбедување, која се залага за редот и безбедноста за време на часовите како и за време на одморите. Од страна на училиштето за време на пандемијата со Ковид 19 се воведоа и дежурства од страна на наставниот кадар кои станаа пракса и во оваа учебна година. Учениците се совесни и соработуваат со наставниците и менаџментот во училиштето. Совесноста особено ја изразија за време на почитување на мерките за реализација на настава со физичко присуство во услови на пандемија. Во нашето училиште за учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, и покажуваат слаб успех во учењето се превземаат соодветни педагошки мерки пропишани согласно законот за средно образование. Учениците и во online наставата покажуваа совесност и соработуваа со настваниците и раководните органи на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| 5.1.5. | Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | Учениците се навремено и целосно информирани за сите работи што се од нивен непосреден интерес. Редовно се консултирани во однос на организирањето на ексурзии (покажаа разбирање за сите забрани за организирање на ексурзии согласно препораките од ковид 19) и други работи од наставен и воннаставен карактер. Преку реализацијата на проектот,, Имплементација на Конвенцијата на правата на детето,, во училиштето се зголеми учеството на учениците во различни фази од функционирањето на училишниот живот и надвор од него. Преку проектот се зајакна работата на класната заедница со демократскиот начин на избор на претседател на клас, се подигна нивото на функционирање на ученичката заедница, и се воведе модел на дете правобранител.<br>Ученичката заедница функционираше и за време на online наставата и функционира и за време на реализација на наставата со физичко присуство. Има голем придонес во подобрување на релациите меѓу наставниците и учениците, како и во делот на превенирање и надминување на проблемите кои може да произлезат од истата. Ученичката заедница се залага за промоција на училиштето во градот и државата во целина, преку изработка на web. страна, fb. страна во која ги промовираа сите свои активности, тековни проекти и хуманитарни акции. Ученичката заедница активно е вклучена во решавање на тековните проблеми кои произлегуваат од секојдневната работа, проблемите за време на пандемијата и давање иницијативи за идни активности. |

| 5.2. Промовирање на постигањата | | |
|---|---|---|
| 5.2.1. | Промовирање на личните постигања на учениците | Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување на јасни и високи очекувања во однос на постигнувањата, редовноста и дисциплината на учениците. Средината за учење ги мотивира учениците да си поставуваат високи цели и да не бидат скромни. Училиштето за да ги промовира личните постигања на учениците овозможува учество на учениците во смотри, средби, семинари, трибини, саеми, натпревари, училишни секции, проекти. Учениците имаат можности (согласно своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во вonнаставните активности. Кај најголемиот број на наставниците е присутно мислењето дека педагошката работа е многу одговорна и бара соодветно однесување и своевиден ангажман. Тие знаат дека со нивното однесување треба да бидат пример за останатите, а промовирајќи високи човечки вредности допринесуваат за подобрување на училишната клима, меѓусебната соработка и почитување. Сензибилноста на оваа професија бара наставникот постојано да го следи успехот и напредувањето на учениците постојано поттикнувајќи ги да ги развиваат своите таленти и амбиции. Ова особено се однесува на потребата наставникот да ги детектира учениците со континуиран одличен успех и да ги мотивира преку промоција на нивните достигнувања. |
| 5.2.2. | Промовирање на постигањата во име на училиштето | Името на нашето училиште е гордост за сите вработени наставници и ученици, а тоа се согледува преку желбата за учество на многу натпревари, добивање на многу награди од повеќе области од училишниот живот, се со цел да се задржи високиот рејтингот на училиштето кој го градиме и одржуваме низа години |

| | | |
|---|---|---|
| | | наназад. Училиштето, наставниот кадар и учениците, учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Особено сме горди на често освојуваните награди на нашите ученици на локално и државно ниво во различни подрачја како што се: лидер во струка, ораторство, МАССУМ, ИМАМ СТАВ, бизнис план, најдобра ученичка компанија, спорт, црвен крст, англиски јазик, противпожарна заштита, натпревари организирани од невладини организации и други. Во последниве години сме горди поради учеството на наставниот кадар и дел од учениците во општествено корисна работа, како што се акции на солидарност и акции за заштита на животната средина. Особено сме горди што училиштето одговори на сите горенаведени натпревари кои беа организирани како online, така и со физичко присуство согласно мерките за заштита од Ковид 19. Промовирањето на постигнувањата на учениците и нивните учества во сите горенаведени активности се вршат на web страната на училиштето, fb страната на училиштето, web страната на ученичка заедница, организираи изложби, приредби и други манифестации со кои се афирмира работата на училиштето. |
| **5.3. Еднаквост и правичност** | | |
| 5.3.1. | Познавање на правата на децата | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Преку проектот ,,Имплементација на конвенцијата за правата на детето во образованието,, се зајакнува ученичкото учество во образовниот процес. Учениците од страна на класните раководители беа информирани со кодексот на однесување за време на online наставата како |

| | | |
|---|---|---|
| | | и за настава со физичко присуство во услови на пандемија и нивните права и одговорности кои ги имаат за време на спроведување на истата.<br>Исто така се поттикнуваат и охрабруваат преку разговори да пријавуваат булинг и физичко насилство помеѓу учениците. За ова се залага и ученичката заедница како и тековните проекти кои поттикнуваат зголемена свесност за приватноста во однос на користењето на социјалните мрежи и изнаоѓање на механизими за заштита од злоупотреба на истите, поточно препознавање на она што е личен податок и неопходност од пласирање на истиот, заштита на личните податоци online, препознавање на online родово насилство и мерки за негово спречување. |
| 5.3.2. | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Училиштето настојува сите ученици да добиваат еднаков третман преку навремено интервенирање при појава на било каков проблем (помош на послабо ситуирани ученици преку организирање на хуманитарни акции за собирање на облека, парични средства како и организирање новогодишни акции со продавање на честитки и изработени од наши ученици). Во училиштето наставниците имаат еднаков третман и пристап кон сите ученици кој се манифестира преку инклузија на учениците со посебни образовни потреби, јавно оценување, со дискусии за време на класните часови и наставничките совети, како и преку отвореност и соработка на стручната педагошко – психолошка служба. Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување во односите меѓу |

| | | |
|---|---|---|
| | | сите структури што учествуваат во училишниот живот (вработените, менаџментот, наставниците, учениците, родителите). |
| 5.3.3. | Прифаќање и пpмовирање на мултикултурализмот | Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската разноликост. Училиштето е дел од многубројни домашни и интернационални проекти кој ја разработуваат оваа проблематика со цел да учат да ја почитуваат сопствената култура и културата на другите. Во училиштето финкционира и дебатен клуб кој преку организирање на дебати работи на подигање на свеста за оваа тема. Истите се разработуваат и за време на класните и другите наставни часови. |
| **5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | | |
| 5.4.1. | Соработка на училиштето со родителите | Современиот наставен процес овозможува вклучување на родителите во воспитно образовниот процес на своите деца. Сите информации за своите деца и за животот во училиштето родителите можат да ги добијат преку индивидуални средби со наставниците, родителските средби, советот на родители, разговор со стручната служба, менаџментот на училиштето, училишен одбор (кој како партнер на училиштето учествува во донесување на одредени одлуки и учествува во одредени активности). На тој начин родителите можат да се запознаат со успехот, дисциплината, поведението и новитетите во наставните и вонанставните активности. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, добро организирани и достапни на родителите. Оваа соработка особено беше засилена со новонастаната ситуација со Ковид 19 каде родителите добиваaa постојано информации како за начинот на спроведување на online наставата така и за поведението и изостаноците на |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците. Ваквата пракса се покажа како доста успешна и се продолжи за време на наставата со физичко присуство каде по протокол беа забранети посети на родителите. Родителите преку редовен update на страната на училиштето ги добиваат сите информации, новини и реформи кои ги спроведува училиштето. |
| 5.4.2. | Соработка со локалната заедница | Нашето училиште соработува со правни и физички лица од локалната заедница. Училиштето превзема поголема иницијатива во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Бројот на ученици кои учествуваат во крводарителските акции кои се организираат во нашето училиште е на завидно ниво. Училиштето соработува со стручни институции, судство, банки, и на тој начин поттикнува партнерска соработка со локалната заедница.<br>Соработката со локалната заедница и досегашното искуство, иницира потреба од продлабочување и проширување на соработката на повисоко ниво со воведувањето на задолжителната феријална практика на учениците согласно новите модуларни наставни програми предвидени од МОН и ЦСР, како и со новиот наставен предмет учење преку работа кај работодавач, кадешто локалната заедница е партнер и клучен фактор за непречена реализација на истата. |

| | | |
|---|---|---|
| 5.4.3. | Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Постојат примери за остварена соработка со државни институции, агенции, како и невладиниот сектор, (најчесто со невладината организација МОСТ, Младински образовен форум МОФ, GO GREEN), кои организираат разни видови на семинари, обуки соодветни на нивната област на делување. Во нашето училиште се организираат гостувања на професионалци од различни области на правната и економската професија во чии излагања сите заинтересирани ученици може да добијат одговори за одредени професии од тие области, потребните услови во школувањето, потребните услови во професионално усовршување и секако лични искуства за конкретната професија.<br>Во однос на соработката и досегашното искуство со деловната заедница (бизнис секторот) и невладиниот сектор, исто како и со локалната заедница иницира потреба од продлабочување и проширување на соработката на повисоко ниво. Оваа потреба е резултат на воведувањето на задолжителната феријална практика на учениците согласно новите модуларни наставни програми предвидени од МОН и ЦСР, како и со новиот наставен предмет учење преку работа кај работодавач, кадешто бизнис партнерите се клучен фактор за непречена реализација на истата. |

**Самоевалуација на училиштето:** **СЕПУГС ”Васил Антевски-Дрен” - Скопје**

**Подрачје: Училишна клима**

| |
|---|
| **<u>Клучни јаки страни</u>**<br><br>➢ Училиштето ужива добар углед, реноме и традиција<br>➢ Однесувањето и поведението на учениците се на завидно ниво<br>➢ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>➢ Добра информираност и соработка на сите структури/нивоа во училиштето (меѓу наставници, наставници со ученици, со родители, со раководните органи) |
| **<u>Слабости</u>**<br><br>➢ Недоставува продлабочена соработка на сите нивоа во училиштето како би се постигнале одлични и квалитетни, колегијални/меѓучовечки односи<br>➢ Потреба од континуирани обуки за team bilding, личен и професионален развој на наставници<br>➢ Недостасува продлабочена и покоординирана соработка помеѓу наставниот кадар, деловната заедница, локалната самоуправа за спроведување на феријалната пракса и учење преку работа кај работодавач предвидени со новите модуларни наставни програми |

**Идни активности:**

Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- унапредувањето на професионалниот однос кај сите структури во наставниот процес, со цел постигнување на позитивни колегијални/меѓучовечки односи, преку одржување на семинари и team bilding обуки
- градење и негување позитивната училишна клима
- да се покренат иницијативи за поголема и попродлабочена соработка со деловната заедница и локалните стопански организации за спроведување на феријална пракса и учење преку пработа кај работодавач
- организирање на семинари за личен и професионален развој на наставниците во насока на одржување и унапредување на квалитетот на наставата
- одржување на добриот углед реноме и традиција

## Прилог: Анкета ученици


















## Прилог: Анкета родители

1. Во училиштето имам добра соработка со раководителот на паралелката, предметниците наставници, педагошко-психолошката служба и со менаџментот на училиштето

309 responses




2. Во училиштето сум инфомиран за куќниот ред и правилата на однесување во него

309 responses



3. Во училиштето се бара Ваше мислење и согласнот кога се работи за вон наставни активности, екскурзии
309 responses




4. Во училиштето се почитуваат човековите слободи и права и се води политика на развој на демократски вредности
309 responses




5. Во училиштето се применува ПРИНЦИПОТ НА ПРАВИЧНОСТ И ЕДНАКВОСТ за сите ученици (машки, женски, ученици со посебно о...зовни потреби и од различно етничко потекло)
309 responses



## Прилог: Анкета наставници

1. Во училиштето се почитуваат сите ученици независно на нивниот пол, верска или етничка припадност од страна на сите структури во училиштето

51 responses




2. Во училиштето пишаните правила на однесување на наставниот кадар (кодекс на однесување и облекување на наставници) се визуелно достапни

51 responses




3. Во училиштето наставниот кадар и учениците се однесуваат долично за време на часот и надвор од него

51 responses




4. Во училиштето учениците се мотивирани од страна на наставниот кадар креативно да се изразуваат за време и надвор од наставниот час

51 responses



5. Во училиштето наставниот кадар е мотивиран од страна на раководните органи креативно да се изразуваат за време и надвор од наставниот час

51 responses




6. Во училиштето вработените се вклучени во донесувањето на одлуки од ниве интерес и интерес на училиштето

51 responses




7.Во твоето училиште се применува ПРИНЦИПОТ НА ПРАВИЧНОСТ И ЕДНАКВОСТ за сите ученици (машки, женски, ученици со посебно о...ничко потекло) од страна на наставниот кадар

51 responses



**РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО**

# ***<u>РЕСУРСИ</u>***

**Скопје, 2022**

| | | |
|---|---|---|
| **6.1** | **Сместување и просторни капацитети** | **6.1.1. Просторни услови**<br>**6.1.2. Искористеност на просторните капацитети** |
| **6.2** | **Наставни средства и материјали** | **6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>**6.2.2. Училишна библиотека**<br>**6.2.3. Потрошен материјал** |
| **6.3** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | **6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>**6.3.2. Ефективност и распоредување на кадарот**<br>**6.3.3. Стручна служба како поддршка на наставниот кадар** |
| **6.4** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | **6.4.1. Професионален развој на наставниците** |
| **6.5** | **Финансиско работење во училиштето** | **6.5.1. Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење**<br>**6.5.2. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |

**<u>Подрачје – РЕСУРСИ</u>**

| **6.1** | **Сместување и просторни капацитети** | |
|---|---|---|
| 6.1.1 | Просторни услови | 1. Училиштето има соодветни учлници за изведување на наставата. Целосно се искористени од страна на учениците и наставниците. Работата се одвива во две смени и поединечно смените бројат: прва и втора година - **674** ученици, а трета и четврта година - **752**. Вкупно училиштето има **1426** ученици и **104** наставници. Поради обемот на работата и бројот на ученици и наставници училиштето има потреба од доградба на дополнителни простории .Овие простории би се адаптирале за изведување на дополнителна настава и вонучилишни активности. |
| 6.1.2 | Искористеност на просторните капацитети | Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на вонннаставните активности , со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Во училиштето санитарните јазли се користат од страна на вработените и учениците, кои што се веќе реновирани. Потребно е постоечките зелени табли да се заменат со нови бели табли и доколку е возможно во поголем број на училници да се постават електронски табли. Во постудените училници потребно е да се стави климатизација за подобри услови за работа.<br>Направена е реконструкција на подот во наставничката канцеларија и дел од училниците, со што климата за работа е подобрена. Уредена е една нова заедничка просторија.Уредена е просторија за родители. Опремен е нов специјализирен кабинет кој се користи за презентации, обуки и советување на родители.<br>Фискултурната сала е реновирана во одделот соблекувални кои се комплетно реновирани , а на место на постоечкиот застарен паркет е монтирана spin подлога и е извршено молерисување и |

| | | |
|---|---|---|
| | | обележување на спортската подлога, инсталирано е ново осветлување во спортската сала по стандарди . Игралиштата за фудбал и кошарка потребно е да се осветлат и соодветно да се покријат и да се санира теренот на кошаркарското игралиште ( плексиглас или балон ).<br>Библиотеката е опремена со голем број на лектири, белетристика, стручна литература и учебници кои се употребуваат во наставниот процес, но потребно е дополнување со современи аудиовизуелни помагала и најнова стручна литература.<br>Училишниот двор е хортикултурно уреден но покрај постоечките клупи потребно е да се постават уште нови клупи, да се постави чешма и повеќе корпи за отпадоци покрај веќе постоечките.<br>Извршено е проширување на паркинг просторот во задниот дел од училишниот двор. |
| | Извори на податоци | Годишна програма за работа, непосреден увид, прашалник со ученици и интервјуа со наставници како и интервјуа со родители.<br>Од Анкета - прашалник од учениците утврдено е дека училниците се адекватни за изведување на настава, а дел од нив се делумно адекватни за изведување на настава.<br>Од Анкета - прашалник од учениците утврдено е: приоритетот за реконструкција се таблите во училниците со нови бели табли, воведување на електронски табли и климатизација на училниците.<br>**Од анкетата -** прашалник од наставниците утврдено е дека наставните средства делумно ги задоволуваат потребите за реализација на наставата. Според наставниците приоритети за реконструкција се: заедничките простории, климатизација на училниците, замена на таблите во училниците со бели табли, воведување на повеќе електронски табли. |

| 6.2. | **Наставни средства и материјали** | |
|---|---|---|
| 6.2.1 | Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала | Училиштето располага со стручна литература и наставни средства кои соодветствуваат со современите наставни текови. Наставниците и учениците имаат пристап до наставните средства и материјали потребни за учењето и наставата. Училиштето ги утврдува потребите за наставните средства и помагала, системски ги следи, употребува , одржува и набавува нови. Набавени се во училиптето нови персонални компјутери во секој кабинет за да може наставниците лесно да ги извршуваат своите задачи.<br><br>Наставните средства и материјали соодветствуваат со стручната литература како и со наставните помагала за наставниците кои имаат потреба од нив. Сепак истите не се доволно соодветни за реформираното стручно образование (модуларна програма) кое подразбира покрај класичните надгледни средства и помагала и современи аудио визуелни помагала и средства, електронски табли и CD со вградени програми. Во нашето училиште имаме потреба од кабинети - работилници кои би требало да се опремени со компјутери кои ќе имаат вградени програми (софтвери - сите документи) по стручните предмети како и општообразовните предмети од двата профила, за развивање на струките кои се дел од нашиот курикулум. |
| 6.2.2 | Училишна библиотека | Училишната библиотека располага со повеќе од 5 наслови на книги по ученик , вклучувајќи ги и лектирните изданија.<br>Во училишната библиотека прописно се води библиотечна евиденција . Библиотеката е добро подредена и е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден.<br>Училиштето располага со библиотека од кои дел претставуваат книги од библиотеката на училиштето (лектирни изданија), а дел дадени од Министерството за образование и наука ( нови наслови - Стручна литература за I- 3234, II-3301, III-3558 и IV-3761 година). Целокупната библиотека ги задоволува потребите на наставниците и учениците,а потребната дополнителна |

| | | |
|---|---|---|
| | | стручна литература се набавува надвор од училиштето, преглед во инвентарната книга на библиотеката.<br>Учебници за прва година<br>• *МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА – 375*<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК – 424<br>• ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК –313<br>• ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК – 185<br>• МАТЕМАТИКА – 401<br>• ИНФОРМАТИКА - 419<br>• ИСТОРИЈА – 390<br>• ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ<br>• ПРЕТПРИЕМНИШТВО И БИЗНИС-289<br>• ДЕЛОВНА КОМУНИКАЦИЈА<br>• ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА<br>• ПРАВО И ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ-438<br>• СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ<br>• ЛИКОВНА УМЕТНОСТ<br>• МУЗИЧКА КУЛТУРА<br><br>Учебници за втора година<br>• *МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА – 426*<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК – 427<br>• ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК – 240<br>• ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК – 200 |

| | | |
|---|---|---|
| | | • МАТЕМАТИКА – 400<br>• ИСТОРИЈА – 426<br>• ИНФОРМАТИКА<br>• ПРЕТПРИЕМНИШТВО И БИЗНИС-390<br>• АДМИНИСТРАТИВНО КАНЦЕЛАРИСКИ РАБОТИ<br>• СТВАРНО ПРАВО<br>• ПРАВО И ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ<br>• СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ<br>• АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО<br>• ОСНОВИ НА СМЕТКОВОДСТВО – 200<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ – 212<br>• КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ – 190<br>• ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО – 190<br>• СТАТИСТИКА<br>• ВНАТРЕШНА ТРГОВИЈА<br>Учебници за трета година<br>• АНГЛИСКИ - 313<br>• ФРАНЦУСКИ-168<br>• ГЕРМАНСКИ-200<br>• ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА – 145 |

| | | |
|---|---|---|
| | | • МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК – 428<br>• ЕКОНОМИЈА<br>• МАТЕМАТИКА ЗА ЕКОНОМИСТИ –304<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ (ИЗБОРНА )<br>• СТАТИСТИКА -362<br>• СМЕТКОВОДСТВО– 140<br>• МАТЕМАТИКА (ИЗБОРНА)– 278<br>• ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО – 200<br>• БИЗНИС- 350<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ- 250<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК (ИЗБОРНА)- 100<br>• КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ- 160<br>• ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО -160<br>• ДЕЛОВНА ПСИХОЛОГИЈА<br>• ПРАКТИЧНА НАСТАВА<br>Учебници за четврта година<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК - 404<br>• МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК – 390 |

| | | |
|---|---|---|
| | | • ФРАНЦУСКИ<br>• ГЕРМАНСКИ<br>• МАТЕМАТИКА – 218<br>• БИЗНИС – 370<br>• КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ – 160<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ – 190<br>• ЕКОНОМИЈА – 387<br>• ЕКОНОМИЈА ИЗБОРНА<br>• ЃРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ – 280<br>• МАРКЕТИНГ – 165<br>• ОРГАНИЗАЦИЈА – 380<br>• АНГЛИСКИ ЈАЗИК (ИЗБОРНА) – 100<br>• ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО – 160<br>• МЕНАЏМЕНТ – 190<br>• ОСНОВИ НА ЈАВНО ПРАВО – 160<br>• МАТЕМАТИКА (ИЗБОРНА) – 35<br>• ОСНОВИ НА ПРАВО (ИЗБОРНА) – 172<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ(ИЗБОРНА) |

| | | |
|---|---|---|
| | | • АНГЛИСКИ ИЗБОРНА<br>• БИЗНИС ИЗБОРНА<br>• МАРКЕТИНГ<br>• ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ И ОРГАНЗАЦИЈА<br>• СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ<br>• ОСНОВИ НА ПРИВАТНО ПРАВО |
| 6.2.3 | Потрошен материјал | Училиштето набавува канцелариски материјал (хартија, креди, фломастери, тонери за печатење), фотокопири, опрема (топки за кошарка, одбојка и фудбал), материјали за поправка и одржување на училишните простории, поправка на опрема и средства за хигиена според тековните потреби, но секогаш имаме поголеми потреби од извршените набавки. Училиштето на почетокот на годината изготвува план за набавки на планираните средства, а доколку дојде до друг вид на потреби во текот на годината се прави пренамена на средствата за набавка и се набавуваат приоритетните средства. |
| | Извори на податоци | Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни помагала.<br>Анкета - прашалник со наставниците и на истиот е утврдено дека приоритет пред се има набавка на аудио визуелни средства, бели табли, електронски табли и дел од стручна литература и белетристика.<br>Анкета - прашалник со учениците и според анкетата е утврдено дека треба да се даде приоритет на опремување на библиотеката со стручна литература и белетристика. |

| 6.3 | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | |
|---|---|---|
| 6.3.1 | Број на вработени и соодветност на наставниот кадар | Училиштето има доволен број на наставници за реализирање на воспитно образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите и истиот е квалификуван и оспособен да ги превземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и на училиштето.<br><br>Целиот персонал редовно е присутен на работа. Отсуствата секогаш се со оправдан карактер. Права кои вработените ги користат произлегуваат од Законот за работни односи. Евиденција се води од страна на сменоводителите за редовноста на наставниците, а секретарот на училиштето води евиденција за техничкиот персонал на училиштето. Потребно е да се зголеми бројот на техничкиот персонал во насока на подобрување на хигиенските услови во училиштето. Воведена е електронска евиденција за редовност на сите вработени при влез и излез од училиштето. Персоналот во училиштето е доста подмладен, но со доволно знаење и искуство за да се извршува квалитетна настава. Сите млади наставници имаат положено педагошка доквалификација и стручен државен испит.<br><br>Список на вработените по години - возраст:<br>Од 25 до 29 години - 4 вработени<br>Од 30 до 34 година - 3 вработени<br>Од 35 до 39 година - 16 вработени<br>Од 40 до 44 години - 21 вработени<br><br>Од 45 до 49 години - 19 вработени<br><br>Од 50 до 54 години - 21 вработени<br><br>Од 55 до 59 години - 19 вработени |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од 60 до 64 години - 6 вработени<br><br>Од 65 до 66 години - 0<br><br>Вкупно : 109 вработени<br><br>Список на вработени по работен стаж<br><br>• До 5 години - 7 вработени.<br>• Од 5 до 10 години – 8 вработени.<br>• Од 10 до 15 години – 25 вработени.<br>• Од 15 до 20 години – 18 вработени.<br>• Од 20 до 25 години – 24 вработени.<br>• Од 25 до 30 години – 10 вработени.<br>• Од 30 до 35 години – 12 вработени.<br>• Од 36 до 41 години – 5 вработени<br><br>Во училиштето имаме кадар со повисоки квалификации и стручност, односно магистри. Во училиштето немаме изработено стратегија за ангажирање на нов кадар со повисоки квалификации и стручност од причина што Законот за средно образование за наставен кадар предвидува само високо образование. |

| | | |
|---|---|---|
| 6.3.2 | Ефективност и распоредување на кадарот | Наставниците активно придонесуваат за ефикасна работа во училиштето и истите работат тимски во нивните стручни активи. Квалитетите, искуството и експертизата се главни критериуми за распоредување на наставниците и со овој начин на распоредување се придонесува да се исполнат целите на наставата. Доколку настане случај на отсуство од било каков карактер ( подолго или пократко) на наставниот кадар, училиштето има свои механизми за брза, соодветна и ефикасна замена. |
| 6.3.3 | Стручна служба како поддршка на наставниот кадар | Стручната служба дава голем придонес во организацијата на наставата, следењето и напредокот на учениците и исто така дава соодветна помош на учениците . Стручната служба во согласност со својата програма извршува активности кои се поврзани со работење со учениците и наставниците и истата служба секогаш е отворена за соработка. Воедно покрај индивидуалните средби работат на групни средби за советување на родителите. |
| | Извори на податоци | Извори за наведените податоци се добиени со увид во персоналните досиеа на вработените. Утврдено е дека училиштето нема стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност во обезбедување помош и поддршка на колегите. Самоиницијативноста кај стручниот персонал и желбата за поголем развиток придонесува да се стекнат со повисоки знаења и вештини. |

| | | |
|---|---|---|
| **6.4** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | |
| **6.4.1** | Професионален развој на наставниците | Училиштето ги има имплементирано потребите на наставниците за професионален развој и има развиена програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој. Училиштето во согласност со законската регулатива за професионален развој, развива внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата.<br>Во училиштето оценувањето на работењето се врши интерно преку посета на часови (од страна на директорот, педагог , психолог и советниците) и увид во електронските дневници за работа на паралелките (од педагог) и увид во работата на активите. Постои принцип на самоевалуација од страна на стручните служби (посета на часови од страна на директорот, психолошко педагошка служба и оценување од страна на учениците). Од анкетата е утврдено дека има потреба од професионален развој и стручно оспособување на наставниците . Наставниците - приправници редовно и постојано ги следи менторот определен од директорот на училиштето и со постојана соработка со стручните соработници - педагог и психолог на училиштето. Во годишната програма е предвидено: наставниците кои сакаат да ги подобрат своите стручни способности училиштето им дозволува присуство на семинари и друг вид на консултативни состаноци со одговорните советници. Развиена е добра соработка и со Биро за развој на образованието.<br>Утврдено е дека има потреба училиштето да организира интерни обуки за наставниците за изучување на англиски јазик и компјутери. Од прашалникот е утврдено дека: работниот стаж е индивидуален и скоро сите испитаници учествувале на различни семинари и обуки. |
| | Извори на податоци | Горенаведените податоци се добиени по разговор со стручната служба и директорот. Други извори на податоци беа Програма за работа на менторите и на нововработените во текот на учебната година. |

| | | |
|---|---|---|
| **6.5** | **Финансиско работење во училиштето** | |
| 6.5.1 | Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење | Финансиското работење во училиштето е добро спроведено и контролирано и се врши во согласност со постојните прописи. Се прави годишен, квартален и месечен финансов план на жиро сметки на училиштето.<br>Плановите се доставуваат до град Скопје - сектор за образование и сектор за финансии од каде што се чека нивното одобрување. Потоа годишните планови се усвојуваат од Управниот одбор на училиштето. Средствата добиени на сопствената жиро сметка се стекнати од заработка од дупликати, упис на вонредни ученици, испити. |
| 6.5.2 | Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето.<br>За училишниот буџет и трошоците информирани се членовите на Училишниот одбор како орган на управување. Информациите за училишниот буџет и трошоците достапни им се на: наставниците (при усвојување на завршна сметка), родителите преку членови на Училишниот одбор и членови на Советот на родителите, како и членот од МОН, а на Локалната самоуправа - сектор за Образование преку нивните претставници во Училишниот одбор и преку податоците кои ги доставуваме со завршната сметка. |
| | Извори на податоци | Преглед на финансовиот план , Годишната програма за работа , разговор со директорот , и членовите на училишниот одбор, склучени договори , понуди и слично. |

**Самоевалуација на училиштето:** **СЕПУГС”Васил Антевски-Дрен”-Скопје**

**Подрачје Ресурси**

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни - јаки страни**<br><br>• Оспособен и комплетен наставен кадар;<br>• Соработката со учениците и нивните родители или старатели се темели на отвореност, објективност, демократичност, добронамерност<br>• Транспарентност во работата - информираност (на сите служби во училиштето со наставниците, учениците и друг персонал),<br>• Осовременување и дигитализација за побрз пристап до информации поврзани со активностите на училиштето ( Teams, Zoom, национална платформа и др.), набавени се нови компјутери во секој кабинет за да може наставниците да ги користат.<br>• Училиштето располага со училници, кабинети, заеднички простории, и санитарни јазли кои се реконструирани, извршена целосна реконструкција на спортската сала како и прозорците во наставничката канцеларија и подовите во училниците , подот во наставничката канцеларија , подот во канцелариите на стручните служби .<br>• Соработка со други училишта од истата струка од градот и државата како и меѓународната соработка. Опремување на кабинет за презентации , просторија за родители, обуки и советување на родителите. |
| **Слаби страни**<br><br>• Недостаток на простор за додатна, дополнителна настава и други училишни и вонучилишни активности;<br>• Застареност и неисправност на постоечките наставни средства и опрема (стари табли- кои може да се заменат со нови бели табли и електронски табли); |

| |
|---|
| • Училниците и кабинетите не се климатизирани (постудени или потопли простории);<br>• Библиотеката е недоволно опремена со стручна литература ;<br>• Недостиг на технички персонал за подобрување на хигиенските услови во училиштето.<br>• Обновување на подот во ходниците |
| **Идни активности:**<br><br>• Обезбедување на бели табли, електронски табли, скенери, принтери и проектори за наставниците, за изведување на современа настава и едукација на наставници за нови методи и форми на работа и ракување со современи наставни средства. |

## Прилог: Анкета ученици

1. Дали училниците се адекватни за настава ?

162 responses




2. Дали е потребна реконструкција на училници ? ( заокружи ДА или НЕ )




3. Дали е потребна реконструкција на училишна библиотека ?

162 responses




4. Дали е потребна реконструкција на просторија за родители?

162 responses



5. Дали е потребна адаптација на светларникот како просторија за потребите на училиштето (дополнителна , додатна настава ,слободни активности итн)?

162 responses




## Прилог: Анкета Родители

1. Дали училниците се адекватни за настава ?

309 responses




2. Дали е потребна реконструкција на училници ? ( заокружи ДА или НЕ )



3. Дали е потребна реконсктрукција на училишна библиотека ?

309 responses




4. Дали е потребна реконструкција на просторија за родители?

309 responses




5. Дали е потребна адаптација на светларникот како просторија за потребите на училиштето (дополнителна , додатна настава ,слободни активности итн)?

309 responses



## Прилог: Анкета наставници

1. Дали наставните средства ги задоволуваат потребите за реализација на наставата?

51 responses




2. Кои се приоритети за реконструкција ?

51 responses




3. Кои се приоритети за набавка на наставни средства ?

51 responses




4. Дали е потребна реконструкција на училниците ?( заокружи да или не )



5. Дале е потребна реконструкција на училишната библиотека ?

51 responses



**РЕЗУЛТАТИ ОД ЕВАЛУАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО**

# РАКОВОДЕЊЕ , УПРАВУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

**Скопје, 2022 год.**

| | | |
|---|---|---|
| 7.1 | **Управување и раководење со училиштето** | **7.1.1. Управување и раководење со училиштето**<br>**7.1.2. Управување со училиштето**<br>**7.1.3. Раководење со училиштето** |
| 7.2 | **Цели и креирање на училишната политика** | **7.2.1. Јасност и соодветност на целите**<br>**7.2.2. Процедури за креирање на училишната политика** |
| 7.3 | **Развојно планирање** | **7.3.1. Цели на развојното планирање**<br>**7.3.2. Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br>**7.3.3. Материјално-технички средства**<br>**7.3.4. Инфраструктура** |

**Подрачје –РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

| **7.1. Управување и раководење со училиштето** | | |
|---|---|---|
| 7.1.1. | Управување со училиштето | Со СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ управува училишниот одбор како колективен орган на управување и е конституиран согласно позитивната законска регулатива. Него го сочинуваат дванаесет членови: три претставници од Советот на Град Скопје, четири претставници од наставниците, еден претставник назначен од МОН, тројца претставници од Советот на родители и еден претставник од Стопанската комора на Македонија, без право на глас. Училишниот одбор е орган на управување во чија работа учествува и Директорот. Училишниот одбор работи и одлучува на седници кои се свикуваат по потреба, а по иницијатива на претседателот на УО, на барање на директорот и на барање на најмалку 1/3 од членовите на УО. Неговата работа е регулирана со Деловник за работа кој го усвојува Одборот на седница, односно со секое конституирање на нов состав се усвојува и Деловник за работа. Дел од членовите се менуваат согласно законската регулатива и тоа: тројца нови членови од редот на родителите, еден нов член од редот на наставници верификуван со записник од 03.11.2022 година, еден член од редот наставници кој е реизбран и верификуван со записник од 02.12.2021 година. Со решение бр. 13/7921 од 03.08.2021 година се именува и нов член како претставник на Министерството за образование и наука и со решение број 03/779/2 од 02.07.2022 година се номинира нов член од Стопанската комора на Македонија. Со одлука бр. 240/1 од 01.02.2022 се именуваат тројца нови претставници од градот Скопје.<br><br>Училишниот одбор одржува редовни седници во присуство на мнозинството членови каде усвојува,носи одлуки и дава подршка за повеќе работни активности и тоа:<br>• подршка на управувањето<br>• подршка на ERASMUS програмите нивните финансиски сметки и нивното усвојување<br>• усвојува годишна програма за училиштето<br>• усвојува програми за деца со посебни потреби |

| | | |
|---|---|---|
| | | • формира инклузивен тим<br>• усвојува интерни правилници за училиштето<br>• формира СИТ тим за меѓуетничка интеграција<br><br>Училишниот одбор за својата работа води записник кој се усвојува на секоја следна седница и претставува правна основа за понатамошно работење на Директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал на училиштето.<br><br>По завршување на мандатот на УО, претседателот на УО изготвува извештај за работата на Одборот во текот на четириготишниот мандат.<br><br>Училишниот одбор многу успешно соработува со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури и обезбедува детални и сеопфатни информации за својата работа на субјектите вклучени во воспитно образовниот процес. |
| 7.1.2. | Раководење со училиштето | Во училиштето постои изградена структура на раководење и управување во чиј состав влегуваат покрај директорот и педагог, психолог, двајца раководители на смена, Наставнички совет, Совет на родители и стручните активи како и Управниот Одбор на училиштето.<br><br>Раководен орган во СЕПУГС Васил Антевски Дрен е Директорот на училиштето<br><br>За директор на училиштето со решение број 392/2 од 31.03.2021 е именуван М-р Тања Јовановска, дипломиран економист, магистер по Човечки ресурси и реномиран професор.<br><br>Раководниот орган има изградено свој личен кредибилитет и интегритет и има професионален однос кон работата. Своето работење го базира секогаш на тимска работа како и вклучување на вработените во процесите на развој на политики, креирање, планирање и обезбедување на квалитет, ценејќи го придонесот на вработените во училиштето.<br><br>Раководниот орган успешно ги спроведува проектите и промените во образовниот систем (државна матура, примена на ИКТ, електронски дневник, ERASMUS програми). Една од позначајните промени е поддршката и придонесот за време на online наставата и COVID мерките: таблет за дел од учениците кои припаѓаат на ранливата категорија на ученици и опремување со компјутери за наставниците во сите училишни кабинети каде се одвива настава. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Раководниот орган одржува позитивна клима во училиштето препознавајќи ги потребите на вработените како и овозможвување на посети на семенири и едукации одржани во текот на 2021 година кој се однесуваат на:<br>• градење тимови и тимска работа<br>• подобрување на дигитални вештини преку учење на ИКТ.<br>• личен план за професионален развој на наставниците и стручните соработници.<br>Раководниот орган ги идентификува и се фокусира на приоритетите утврдени во развојниот план и во центарот на своето работење ги става успехот на учениците и развојот и подобрувањето на училиштето,а во таа насока е и ново отворениот образовен профил - Техничар за е- трговија и дигитален маркетинг. Квалификацијата техничар за е-трговија и дигитален маркетинг дава можности за вработување во трговски друштва, институции и организации и други јавни и приватни правни субјекти , како и можности за водење на сопствен бизнис. Исто така, квалификацијата дава можност за продолжување на образованието на високообразовните институции во државата или странство и можности за личен развој и доживотно учење. Истата овозможува следење на промените и потребите на економијата и бизнисот на локално, регионално и глобално ниво. Раководниот орган е во постојана соработка со Локалната Самоуправа, Министерството за образование, Бирото за развој на образованието, Универзитетите и Бизнис заедницата се со цел унапредување и континуиран развој на воспитно – образовниот процес. |
| | | Извори на податоци:<br><br>Деловник за работа на Училишниот одбор; Статут на училиштето; Записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); Самоевалуација и План за развој на училиштето; Програма за работа на директорот; Програма за професионален развој на директорот; Интервјуа со наставниците, родителите и учениците; Интервју со Училишен одбор, Анкетен прашалник. |
| **7.2. Цели и креирање на училишната политика** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 7.2.1. | Јасност и соодветност на целите | Училиштето делува како самостоен субјект. Општите цели на училиштето за образовните профили кои се образуваат во нашето училиште е посветено, ефикасно и професионално применување на стекнатите знаења и вештини, оспособување на истите за решавање и критичко размислување за прашања од доменот на нивната струка со цел користење стручна литература и документација, самостојно да се дообразуваат и усовршуваат во текот на нивниот живот, да се оспособуваат за тимско работење, да се навикнуваат на самодисциплина и посветено и одговорно извршување на своите обврски.<br><br>Цел на средно економско правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски -Дрен“ е да се продолжи долгогодишната традиција, како училиште во кое се стекнуваат првите економски и правни знаења потребни за во бизнис секторот, стопанството, државната и јавната администрација како и во науката.<br><br>Посебни цели на нашето училиште:<br><br>• подобрување на квалитетот на наставата преку користење на информатичка технологија, современи форми и методи на работа;<br>• перманентно следење, развивање и надградување на постојаните наставни планови и програми и наставните содржини;<br>• зголемување на одговорноста на учениците и подигнување на еколошката свест;<br>• подобрување на интерперсоналните односи;<br>• подобрување на соработката со родителите и градење на партнерство меѓу училиштето и семејството;<br>• унапредување на соработката со локалната средина;<br>• градење на училишна клима која го поттикнува учењето; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • вклучување и работа на проекти;<br>• унапредување на оценувањето согласно со квалификациони стандарди;<br>• подобрување на редовноста на наставниците и учениците. |
| 7.2.2. | Процедури за креирање на училишната политика | Сите релевантни субјекти во училиштето (наставниците, учениците, локалната заедница) работата на остварувањето на целите со што позитивно се влијае на целокупната работата на училиштето.<br><br>За остварување на поставените цели во училиштето ќе се превземат соодветни задачи и активности како што се:<br><br>• оспособување на учениците за критичко размислување;<br>• интегрирана настава во училиштето преку проекти, решавање на задачи, вклучување во воннаставни активности и спортски манифестации;<br>• континуирано оценување на учениците преку примена на соодветни техники и методи;<br>• интензивирање на соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките, наставниците и стручните соработници;<br>• разговори со ученици и родители;<br>• изготвување на интерни и екстерни проекти за теми и области од соодветни предмети во насока на градење на комуникациски, ораторски и дигитални вештини на учениците;<br>• користење на стандардизирани и објективни тестови, проектни задачи, перманентно следење на ученикот; |

| | | |
|---|---|---|
| | | • водење на доследна педагошка евиденција од страна на класниот раководител и предметните наставници за отсуството на учениците,<br>• советодавно работење од страна на педагошко-психолошката служба,<br>• запознавање на учениците со обврските, правата и должностите од Статутот на училиштето,<br>• подобрување на безбедносните мерки во училиштето, како и изрекување на соодветни педагошки мерки |
| | | <u>Извори на податоци:</u><br><br>Годишна програма за работа на училиштето; Самоевалуација; Развоен план на училиштето; Акциони планови; Анкети/Интервјуа со директор, стручна служба, наставници, родители, ученици; Записници од УО/Совет на родители/Наставнички совет; Интерни акти |

| **7.3. Развојно планирање** | | |
|---|---|---|
| 7.3.1. | Цели на развојното планирање | Развојниот план на училиштето се носи за период од четири години. Во него јасно и прецизно се наведени целите отсликани преку мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. |

| | | |
|---|---|---|
| 7.3.2. | Професионален развој/стручно усовршување на кадарот | Училиштето постојано ги идентификува потребите за кариерен и професионален развој на стручниот кадар. Има изготвено програма за стручно усовршување на вработените но, постојат потешкотии при обезбедувањето на доволно финансиски средства.<br><br>Поради ова постои селективен пристап во реализацијата на обуките, односно обуките се изведуваат според приоритетите на струките. Како форма за стручно усовршување на наставниците се користи и стручното усовршување на наставниците преку пренесување на сознанијата и искуствата од посетените семинари. Така реализираните семинари, организирани од страна на ЦССО и БРО во целост се пренесени од наставниците присутни на семинарите до сите вработени во стручните активи. |
| 7.3.3. | Материјално-технички средства | Материјално-техничките средства се значаен фактор за успешно реализирање на целокупниот воспитно-образовен процес. Тие придонесуваат за зголемување на активност на учениците, зголемување на квалитетот на наставата и постигнување на подобри резултати. Училиштето ги идентификува потребите од обнова на застарените материјално -технички средства и потребата од нови материјално-технички средства, но се соочува со сериозни проблеми во обезбедувањето на финансиски средства потребни за набавка на истите. |
| 7.3.4. | Инфраструктура | Средното економско правно училиште на Град Скопје „Васил Антевски-Дрен“ постои уште од 1923 година. Во 1980 година училиштето е префрлено во модерна, мошне убава училишна зграда која го замени стариот објект во кој училиштето работеше по земјотресот во 1963 год.<br><br>Училиштето вложува напори за подобрување и осовременување на неговата инфраструктура. Во таа насока во соработка со градот Скопје се изврши замена на |

| | | |
|---|---|---|
| | | поголемиот дел од застарените прозорци со ПВЦ прозорци, унапредување на материјално-техничките услови, интернет за секое дете и наставник, обновување на веќе постоечки простории (наставничка канцеларија, соба за родители, просторија за благајник), целосно обновување на спортска сала, хортикултурно уредување на дел од училишниот двор и друго. Сепак, училиштето се уште се соочува со недостиг на финансиски средства за доопремување на останатиот училишен простор со цел успешно реализирање на воспитно – образовниот процес. |
| | | <u>Извори на податоци:</u><br><br>Самоевалуација и развоен план на училиштето; Акциски планови за постигање на поставените цели; План за следење и евалуација на реализацијата на Акциските планови; Записници од органите и телата; Интервјуа со директор, наставниците, родителите и учениците; Годишна програма за работа; План за професионален развој; Извештаи од интерната евалуацијата; Пописни листи; Финансиски план на училиштето; Увид во опремата; Увид во инфраструктурата; Апликации на училиштето за обезбедување на средства од локалната самоуправа, заедница, донатори и сл. |

**Самоевалуација на училиштето: СЕПУГС”Васил Антевски-Дрен”-Скопје**

**Подрачје: Раководење, управување и креирање политики**

| **Резултати** |
| --- |
| **Клучни јаки страни:**<br><br>➢ Сите органи и тела во училиштето се конституирани согласно законската регулатива и интерните акти и имаат јасно дефинирани надлежности за непречено функционирање<br>➢ Органите на управување и раководење имаат воспоставено партнерски однос на соработка.<br>➢ Јасна визија за развој и напредок на училиштето од страна на Директорот<br>➢ Транспарентност при донесување на одлуки<br>➢ Вработените се вклучуваат во работата на училиштето преку организирана тимска работа<br>➢ Органите на управување и раководење се отворени и успешно раководат со промените<br>➢ Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница.<br>➢ Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.<br>➢ Промовирање на еко-стандарди во секој сегмент на училиштето;<br>➢ Зголемена можност при избор за учениците за стручен профил со воведување на новиот образовен технички профил е-трговија и дигитален маркетинг;<br>➢ Приоритет се постгнувањата на учениците и промирањето на училиштето; |

**Слабости:**

- Училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на наставниците но, континуирано се соочува со потешкотии во обезбедувањето на средства;
- Постои недостиг од опрема но, има и проблеми во обезбедувањето на финансиски средства за нејзино обезбедување и ставање во функција.
- Потешкотии во обезбедување на финансиски средства од донатори за инвестиции во инфраструктура.
- Потреба од поголема соработка со Министерството за образование и наука, како и со локалната самоуправа.

## Прилози: Анкета наставници

1. Директорот ги респектира идеите и сугестиите на вработените, учениците и родителите околу најразлични прашања за работата на училиштето?

51 responses




2. Директорот на наставничките совети редовно ги информира вработените за целите, визијата и мисијата на училиштето и ги запознава со Годишната програма за работа

51 responses




3. Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите?

51 responses




4. Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет

51 responses



5. Раководниот орган има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата кој се заснова на најнови знаења и в...легира, комуницира и раководи со вработените.
51 responses




**Прилог: Анкета членови на училишен одбор**

1. Дали училишниот одбор во Вашето училиште е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето?




2. Дали училишниот одбор во Вашето училиште е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето?



3. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот?




4. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот?




5. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот?




6. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот?



**Прилог: Интервју со дирекоторот**

1. Дали училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето, како и дали надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО, состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот?

   - Директорот одговорил дека сите органи и тела во училиштето се конституирани и функционираат согласно законските прописи и имаат јасно дефинирани надлежности и цели.
2. Дали УО и Вие како Директор им обезбедувате редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес?

   - Постои висок степен на транспарентност и информираност.
3. Дали имате воспоставено партнерски односи со УО и другите образовни структури?

   - Директорот одговорил дека постои взаемна соработка и партнерски однос. Управниот Одбор е орган на управување базиран на законска регулатива, статут во насока на унапредување на воспитно - образовниот процес и на сите релевантни теми поврзани со работата на училиштето.
4. Дали работите тимски преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет?

   - Исклучително ги цени мислењата и ставовите на колегите и нивниот придонес во работата на тимовите кои работат на различни подрачја (пр. самоевалуација, државна матура, проекти и сл.) со делегирани задолженија. Исто така училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и учениците за прашања кои се од нивен интерес.
5. Дали ги прифаќате промените во образовниот систем како предизвик?

   - Промените во образовниот систем секогаш ги прифаќаме како предизвик. Тоа може да се согледа во воведување и спроведување на државна матура, примена на ИКТ во наставата, електронскиот дневник, критериумите за оценување на наставниот кадар, педагошко – психолошка служба и училиштето, самоевалуацијата и сл. се дел од многубројните

предизвици на кои ние како училиште подготвено одговараме и ги прифаќаме како неопходен услов за поквалитетно работење на училиштето. Тоа се покажа и со воведување на новиот образовен профил кој го иницираве како училиште и го спроведуваме како практика заедно со ЦССО, БРО и МОН.

6. Идентификувате ли јасни приоритети во насока на подобрување на постигнувањата на учениците и училиштето во развојниот план?

   – Да, преку развојниот план на училиштето се фокусираме на остварување на зацртаните приоритети меѓу кои секако се подобрување на постигнувањата на учениците. Дигитализацијата и онлајн наставата,

   потребите на занимања на пазарот на трудот јасно ги идентификуваме и поентиравме со новиот профил техничар за е трговија и дигитален маркетинг.

7. Дали воспоставувате продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница?

   – Секако, соработката со градот Скопје, Министерството за образаование, Бирото за развој на образованието, ВЕТ центарот, Универзитетите и бизнис заедницата е значајна и постојано се унапредува.Позначајни се и партнерствата базирани на реализација на феријалната практика и учење преку работа.

8. Дали формулираните цели се конкретни и во согласност со целите на државата и образовната политика?

   - Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика, тие се прецизни и јасни, ја отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето, при нивно поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Тие се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Училиштето изработува акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати и ги зема во предвид ставовите на наставниците, родителите, учениците и локалната заедница.

9. Дали вработените партиципираат во поставувањето на целите?

   – Вработените се најзначајната алка, родителите и учениците сите активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето, и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување.

10. Дали училиштето ги идентификува потребите за стручно усовршување на кадарот и дали има изготвено програма за стручно усовршување на вработените?

   - Да, последната обука која ја реализиравме беше во насока на унапредување на дигиталните вештини, тимската работа и професионалниот развој.

11. Како ја оценувате обезбеденоста и состојбата на материјално-технички средства?

   - Училиштето ги идентификува потребите од материјално-технички средства и вложува напори за нивно обезбедување, во зависност од финансиските сретства секоја година имаме унапредување согласно финансискиот план на училиштето. Задоволително ниво за нормална реализација на наставата со обезбеден бесплатен интернет за ученици и наставници.

12. Како ја оценувате состојбата на инфраструктурата?

   - Училиштето вложува напори за подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето, но се соочува со потешкотии околу обезбедувањето средства од донатори за наменско инвестирање во истата. Поради тоа воспоставена е соработка со градот во однос на подобрување на инфраструктурата. Вклучени сме во Програмата за инвестиционен развој на градот Скопје и имаме аплицирано за добивање на средства (проектот “I love Skopje”) за вложување во инфраструктурата. Обезбедувањето на овие средства би помогнале во решавањето на проблемот со недостаток на простории за изведување на дополнителна и додатна настава.

**Тимови по подрачја за спроведување на самоевалуацијата на работата на училиштето:**

**Координатори на тимовите:** Виолета Јанчевска, Александар Мијоски, Александра Дојчиновска

**1.Тим за наставни планови и програми:** Лидија Ќосева, Радмила Куцуловска, Маргарита Поповска-Костадинова, Марина Димовска

**2.Тим за постигнување на ученцит**е: Ива Стојановска-Јакимовски, Александра Дојчиновска, Снежана Шеќерова-Павлова

**3. Тим за учење и настава:** Драгана Ѓореска, Валентина Јакимовска, Мирјана Ташковска, Мирјана Тошевска

**4. Тим за поддршка на ученици:** Ирена Стрејкиќ, Даниела Тофилоска-Поповска, Ирена Гочева

**5. Тим за училишна клима и односи во училиштето:** Викторија Сотироска, Радојка Хелман-Денковска, Анета Тодоровска

**6.Тим за ресурси:** Ѓорѓе Милошевиќ, Боби Кузмановски, Александар Мијоски

**7. Тим за управување, раководење и креирање политика:** Ангела Динева-Китаноска, Билјана Петреска, Викторија Постолова

**Претседател на**

**Училишен одбор**

______________________________

**Маргарита Поповска Костадиновска**